Постапката за сратегиска оцена на влијанието врз животната средина се спроведува во неколку фази, од кои првата е ***Утврдување на потреба од спроведување на СОВЖС*** (дали планскиот документ ќе има значителни влијанија врз животната средина) согласно со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Оваа фаза претставува изготвување на Одлуката за спроведување или

неспроведување на СОВЖС. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на овој Урбанистички план за село, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија, како и генерални мерки за заштита, намалување и ублажување на негативние влијанија се следните:

- Изградбата на планираните објекти во рамките на планскиот опфат, се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, социо-економски развој.
- Со имплементација на Урбанистичкиот план за село ќе има и негативни влијанија врз животната средина, посебно во фазата на градба на планираните објекти. Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок.
- Влијанијата кои би можеле да се појават во фазата на експлоатација се нарушување на квалитетот на воздухот, водите и почвата како резултат на емисија на загадувачки материи, зголемени нивоа на бучава и вибрации и несоодветно управување со отпадот. Мерки за заштита од овие влијанија се наведени во секторските области: водостопанство и водостопанска инфраструктура, заштита на животната средина.
- Неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.
- Урбанистичкиот план за село нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови, радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Просторот кој е предмет на разработка на Урбанистичкиот план за село, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Доколку при изработка на планската документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно со законската регулатива.
- Во делот за заштита на културното наследство, истото е наведено на ниво на катастарска општина, поради што при изработка на проектната документација потребно е да се утврди дали на предметната локација има културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните

плански мерки за заштита на истото и да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива.

- Со имплементацијата на Урбанистичкиот план за село не постои можност за појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на градба, ниту во фазата на експлоатација, поради доволната оддалеченост на планскиот опфат од границите на Државата.
- Мерки за ублажување на негативните влијанија од евенуални несреќи и хаварии се наведени во секторската област: Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи.

**При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за Урбанистички план за село Ржаничино КО Ржаничино, Општина Петровец, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

### *Усогласување на планската документација со Просторниот план*

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата,** а особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за Државата
- капацитетите за користење на природните ресурси;
- намената и користењето на површините;
- основите на долгорочната политика на урбанизација;
- мрежата на големата инфраструктура;
- **мрежата на населби;**
- определбите за заштита на животната средина, природното и културното наследство.

Во однос на намената на површините, определбите се следните:

- При изработка на урбанистичките планови на населбите, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво во рамките на постојните урбани опфати, а надвор од овие рамки за исклучително оправдани цели и потреби, на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија);
- Изградбата на викенд зони, стопански зони, земјоделски и други објекти со специфични намени да се насочува кон подрачја кои со планови и програми на општините ќе бидат определени за тие цели
- Просторите во близина на пороите да се исклучуваат од зони за изградба на објекти и истите да се заштитуваат од можните излевања и наноси со предвидување на заштитни зелени површини.

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
- Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.
- Создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се наменети за изработка на **Урбанистички план за село Ржаничино КО Ржаничино**, **Општина Петровец.** Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 169,2 □а површината за која што можеме да издадеме услови за планирање на просторот изнесува 147, 8 □а. За останатата површина од 21,39 □а се издадени услови за планирање на просторот:

- Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички план за село Ржаничино (измена и дополна) со технички број □04412 со површина од 3,21 □а□
- Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички план вон населено место Ќојлија за изградба на Стопанска зона на м.в. Егленче во Општина Петровец со технички број □24008 со површина од 17,14 □а□
- Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички план вон населено место за село Ржаничино, Општина Петровец со технички број □32707 со површина од 1,004 □а.

Во планскиот опфат навлегуваат и следните линиски објекти:

- Услови за планирање на просторот за изработка на проект за инфраструктура за реконструкција на далновод 110kV ТС Скопје 4- ТС Велес, на потег од с. Јурумлери до ТС Велес□
- Услови за планирање на просторот за поставување на подземна инфраструктура за оптички кабел со технички број □20407.

Планскиот опфат навлегува во заштитната зона на аеродромот во Скопје.

Дефинирањето на границите на планскиот опфат, со површина на истиот, ќе се утврди со одобрената Планската програма. Се задолжува Општина Петровец, по донесување на планот, да достави информација до Агенција за планирање на просторот и Министерство за животна средина и просторно планирање за конечниот плански опфат.

Во граници на планскиот опфат се предвидуваат намени на земјиштето согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

**При изработката на Урбанистичкиот план за село Ржаничино, КО Ржаничино, Општина Петровец, треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

### *Економски основи на просторниот развој*

- При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за производни и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.
- **Реализацијата на Урбанистичкиот план за селото согласно определбите на "Просторниот план на Република Македонија", треба да базира на принципите и стандардите за заштита на животната средина и одржлив економски развој, особено превенција и спречување на негативните влијанија на постојните и планирани**

**производни и услужни дејности применувајќи ја релевантната законска регулатива.**

- **Појдовна поставка за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развојот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.**
- **Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина на планскиот опфат на селото.**
- **При изработката и реализацијата на предвидениот Урбанистички план за селото, треба да се има во предвид дека планскиот опфат граничи со локација за Индустриска зона за која се изработени Услови за планирање на просторот со техн. бр. У24008. Наведената забелешка има интенција да се согледа компатибилноста на наменската употреба на земјиштето на локациите кои меѓусебно граничат.**

***Користење и заштита на земјоделското земјиште***

- Согласно просторниот план на Република Македонија просторот на РМ е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Скопско-Кумановскиот земјоделско стопански реон со 14 микрореони.**
- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

***Водостопанство и водостопанска инфраструктура***

- Селото Ржаничино се водоснабдува од регионалниот водоснабдителен систем „Илинден“. Водоснабдувањето на селото треба да се одвиваат во наскока на синхронизирана изградба на водостопански објекти со што ќе се избегнат парцијални/несоодветни решенија кои ќе го отежнуваат или оневозможуваат натамошниот развој на водоснабдителниот систем.
- Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман на пречистување, односно да бидат доведени до квалитет према “Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води”.
- Доколку во границите на планскиот опфат на селото постојат стопански капацитети кои од технолошкиот процес испуштаат отпадни води кои поради својот квалитет може да го оневозможат функционирањето на пречистителната станица или да предизвикаат проблеми во функционирањето на канализацискатa мрежа во селото, стопанскиот субјект мора да изврши предтретман на отпадните води пред да ги испушти во канализацискатa мрежа.
- Во Скопско Поле евидентирани се високи подземни води и чести поплави за што е изграден систем за одводнување. Главен реципиент за

прифаќање на внатрешните води од Скопско Поле на површина од 6.600 ха и надворешните води од сливното подрачје од лева страна на р. Вардар е реката Вардар кај месноста Таор. Низ селото минува инфраструктура (канали) која е дел од системите за одводнување на Скопско Поле. При изработката на планската документација да се предвидат мерки за нејзина заштита и непречено функционирање.

***Енергетика и енергетска инфраструктура***

- **Низ локацијата за село Ржаничино КО Ржаничино**, **Општина Петровец минува постојниот преносен 110 kV далновод Скопје4-Велес заради што при изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитуваат: "Законот за енергетика" (Службен весник на РМ број 96/2018, членови 203 и 204) и "Правилник за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV" (Службен лист на РМ бр.25/2019 год.).**
- Локацијата за УПС Р'жаничино, Општина Петровец нема конфликт со останатите постојни и планирани енергетски водови.
- За селото потребно е да обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

***Урбанизација и мрежа на населби***

- Иницијативата за изработка на **Урбанистички план за село Ржаничино, КО Ржаничино, Општина Петровец,** би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост, повисок квалитет на услугите во окружувањето, како и уреденост на просторот сето тоа базирано врз принципите на одржлив развој како и максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

***Домување***

- Основна определба во политиката на станбената изградба во **село Ржаничино, Општина Петровец,** во планираниот период треба да биде реализација на зацртаните цели на концепцијата на домувањето во зависност од потребите и економските можности;
- Стандардите за овозможување на потребен и квалитетен станбен простор согласно ППРМ за селото треба да се заснова на нормативите зацртани во ППРМ и тоа: 20 - 25 □²/жител станбена површина, 40 - 80 □²/стан (оптимална големина), 100 % опременост на станот со инсталации и потполно елиминирање, односно замена на субстандардниот станбен фонд.

***Јавни функции***

- Организација на јавните функции, согласно планираната мрежа на населби, да поаѓа од постојната мрежа на јавните функции со запазување на пропишаните стандарди и нормативи согласно ППРМ, а под претпоставка дека идниот развој на овие функции ќе се развива во согласност со економските, институционални и други промени кои се во тек.

***Индустрија***

- **Развојот на индустријата во одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.**
- **Доколку со Урбанистичкиот план за селото се предвидат површини со производна намена, потребно е да бидат применети планските определби во областа на развојот на индустријата утврдени со "Просторниот план на Република Македонија" применувајќи ја соодветната законска регулатива.**
- **Индустријата која е двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на "одржлив" развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита.**

***Сообраќајна инфраструктура***

- Според Просторниот план на Република Македонија **автопатската и магистрална патна мрежа** релевантна за предметниот простор е:

  **А1 -** (Граница со Србија-ГП Табановци-Куманово-**Велес**-Неготино-Демир Капија-Гевгелија-граница со Грција-ГП Богородица и делница Градско-Прилеп-врска со А3).
- Релевантен регионален патен правец за предметната локација влегува во групата на **регионални патишта "Р1"** и е со ознака:

  **Р1102 -** (Скопје-врска со А2-обиколница Скопје-Катлановo-Велес-Неготино-Демир Капија-Гевгелија-врска со А1).
- **При планирање да се почитува Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16,152/15, 31/16 и 163/16).
- **При планирање да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16,152/15, 31/16 и 163/16).
- Предметната локација се наоѓа во **заштитната зона на Аеродромот "Меѓународен аеродром Скопје" кој спаѓа во примарната** аеродромска мрежа.

  При изработка на планската документација од аспект на безебедноста на воздушниот сообраќај да се почитуваат важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

***Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа***

- Локацијата за село Ржаничино КО Ржаничино, Општина Петровец нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски

комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

***Заштита на животна средина***

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Урбанистички план за село Ржаничино, Општина Петровец, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терен со вегетација и оградувања на нагибите.
- Да се уредат зелените површини во границите на планскиот опфат, со видови (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за евентуално присутните загадувачки материи во воздухот и почвата.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена.
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти и да се применуваат најдобри достапни технологии во процесот на производство.

***Заштита на природното наследство***

- Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот предложен за изработка на Урбанистички план за село Ржаничино, Општина Петровец, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.
- Доколку при изработка на Урбанистичкиот план за село или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за

природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

***Заштита на културното наследство***

- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[2] на подрачјето на катастарската општина Ржаничино има евидентиран недвижен споменик на културата и археолошки локалитет.
- При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115‐07, 18‐11, 148‐11, 23‐13, 137‐13, 164‐13, 38‐14, 44‐14, 199‐14, 104‐15, 154‐15, 192‐15, 39/16 и 11/18,20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

***Туризам и организација на туристички простори***

- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на **Скопско - Кумановски туристички регион со утврдени 8 туристички зони и 17 туристички локалитети и е дел од простори коишто имаат регионално туристичко значење. Низ ова подрачје минува Транзитен туристички коридор од меѓународно значење.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

***Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи***

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Ржаничино, Општина Петровец, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства.** Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени

[2] **МАНУ Скопје, 1996г.**

постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

***Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина***

- **При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за Урбанистички план за село Ржаничино КО Ржаничино, Општина Петровец, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Биланс на намена на површините*

## *Користење на земјиштето*

*Карта бр. 20*

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

---

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Просторно-функционална организација*

## *Систем на населби и сообраќајна мрежа*

*Карта бр. 22*

Легенда:

- Центар на макрорегион
- Центар на микрорегион
- Центри на просторно-функционални единици
- Управа
- Просторно-функц. единици
- Граници на влијанија на макрорегион. центри
- Општински центар

**Образование**
- Средно
- Вишо
- Високо

**Здравствена заштита**
- 2 Секундарна
- 3 Терцијална

**Оски на развој**
- источна
- јужна
- север-југ
- северна
- западна

- Слободна економ.зона
- Автопат
- Магистрален пат
- Регионален пат
- Железничка мрежа
- Воздухоплов. пристан.
- Стопански аеродром
- Спортски аеродром



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Техничка инфраструктура*

## *Водостопанска и енергетска инфраструктура*

*Карта бр. 23*

Легенда:

- Изворишта
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани
- Далноводи: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Трафостаници: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Заштита на животната средина*

## *Реонизација и категоризација на просторот за заштита*

*Карта бр. 24*

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Сектор за уредување на просторот

25 март, 2022

Архивски број: 21-808/7

# П О Т В Р Д А

Се потврдува одобрување од урбанистички аспект на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГП 1 СО НАМЕНА Г4 - СТОВАРИШТА, СКЛАДОВИ И ОТПАДИ, Г4.1-ДИСТРИБУТИВЕН ЦЕНТАР СО СКЛАДОВИ и ТС 35КВ, КО Р'ЖАНИЧИНО,ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ, со технички број 13/21 од март 2022 година и број на постапка во е-урбанизам 40147, а врз основа на Позитивно мислење од Комисија за урбанизам бр. 21-808/6 од 24.03.2022 година.**

(се наведува видот на документација и техничкиот број)

изработен од Друштво за просторни и урбанистички планови инжинеринг и др ГО ПЛАН ДОО Гостивар

(се наведува изработувачот на документацијата)

Урбанистичкиот проект за поединечни градби од државно значење вон населени места и вон опфат на урбанистички план.

(се наведува видот на документацијата)

со барање бр. 0302-291/21 од 24.12.2021 год.

(се наведуваат архивскиот број и датум на барањето)

**Министер**

**Благој Бочварски**

Makedonski Telekom CA, BLAGOJ BOChVARSKI

Digitally signed by Makedonski Telekom CA, BLAGOJ BOChVARSKI
Date: 2022.03.25 09:58:13 +01'00'

ILINDEN

AERODROM

KISELA VODA

STUDENICHANI

ПРОЕКТЕН ОПФАТ

АВТОПАТ Е - 75

ZELENIKOVO

REGIONAL ROAD R 1102 ( SKOPJE - KATLANOVO )

ЛЕГЕНДА :

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ = 6.4056 ha

намена на земјиштето и градбите:

Г3.7

Г3.7 - БИОГАСНА ЦЕНТРАЛА ОД 3МВ

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ од СОСЕДЕН УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план за ГП 1 со намена Г4– стоваришта, складови и отпади, Г4.1– дистрибутивен центар со складови и ТС 35КВ КО Р'жаничино, Општина Петровец со тех.бр.13/21
ОДОБРЕН со ПОТВРДА БР.21-808/7 од 25.Март.2022год.

**ЛЕГЕНДА за ажурирана геодетска подлога**

- бетонски ѕид со железна ограда
- граница на катастарска парцела
- помошни линии
- новоизградена инфраструктура
- потпорен бетонски ѕид
- жичена ограда
- шахти
- електричен столб
- стопански објект
- станбен објект
- помошен објект
- покриена тераса
- 143 / 145.04 - апсолутни надморски висини
- 3684 - број на катастарска парцел

Р'ЖАНИЧАНСКИ КАНАЛ

ОПШТИНСКИ ПАТ (ОРЕШАНИ - ПЕТРОВЕЦ)

РЕГИОНАЛЕН ПАТ 1102 ( СКОПЈЕ - КАТЛАНОВО )

АВТОПАТ Е-75

778/3

585/2

675/5

675/1

675/2

675/4

675/7

675/8

675/3

870/1

890

661/1

655

Г3.7

ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ од СОСЕДЕН УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
вон опфат на урбанистички план за ГП 1 со намена Г4– стоваришта, складови и отпади, Г4.1– дистрибутивен центар со складови и ТС 35КВ КО Р'жаничино, Општина Петровец со тех.бр.13/21
ОДОБРЕН со ПОТВРДА БР.21-808/7 од 25.Март.2022год.

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГП 2 СО НАМЕНА Г3 - ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ , Г3.7- БИОГАСНА ЦЕНТРАЛА ОД 3МВ

КО Р`ЖАНИЧИНО - ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ




**АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ОПРЕДЕЛЕН ПРОЕКТЕН ОПФАТ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| ПРОЕКТИРА: | ДРУШТВО ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ , ИНЖИНЕРИНГ И ДР. ГО ПЛАН ДОО - Г О С Т И В А Р | УПРАВИТЕЛ: Насуф Саити | |
| ИНВЕСТИТОР: | Друштво за земјоделско производство, сточарство и производство СКОПСКО ПОЛЕ ДООЕЛ с.Р'жаничино - Петровец | | |
| МЕСТО НА ГРАДБА: | КО Р`ЖАНИЧИНО - Општина Петровец | ФАЗА: | |
| ПЛАН: | ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГП 2 СО НАМЕНА Г3 - ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ , Г3.7- БИОГАСНА ЦЕНТРАЛА ОД 3МВ, КО Р'ЖАНИЧИНО - ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ | | |
| ПРИЛОГ: | АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ОПРЕДЕЛЕН ПРОЕКТЕН ОПФАТ | РАЗМЕР 1: 1000 | АРХ. БР. 01/22 |
| ПРОЕКТАНТ: | СОРАБОТНИК: | ИНФРАСТРУКТУРА: | ДАТА: 06.2022 / ПРИЛОГ бр. 02 |
| Јасмр Чајлак, лиценциран урбанист ИКА број 01-0444/1 | Умиер Азири, лиценциран урбанист | Насуф Саити, лиценциран урбанист | |

## 2. Површина и опис на границите на проектен опфат со географско и геодетско одредување на неговото подрачје

Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена Г3-производство на енергија од обновливи извори, Г3.7 – биогасна централа до 3MW, КО Р'жаничино, Општина Петровец, се изработува врз основа на член 58, став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20 и 111/23) и член 60, точка 1 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Проектниот опфат зафаќа површина од 6,448039ха и е лоциран во скопскиот регион. Административно влегува во границите на Општина Петровец и претставува во мал дел изградено земјиште, односно во поголем дел земјиште со катастраски култури ниви. Го карактеризира добра сообраќајна поврзаност со мрежата на државни патишта на Република Северна Македонија.

До проектниот опфат се пристапува преку регионалниот пат Р 1102 (Скопје –Катланово). Проектниот офат е во непосредна близина на селото Р'жаничино, односно се наоѓа југоисточно од него, а ги двои Р'жаничанскиот канал за наводнување. Во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) границите на проектниот опфат се совпаѓаат со следните катастарски парцели и природни и создадени зададености на теренот:

На северозапад границата се совпаѓа со оската на локалниот пат, па продолжува со мало искосување и скршнување во правец југоисток низ КП 675/1 околу 300м по што скршнува кон североисток под прав агол во должина од околу 75м. Од оваа точка повторно скршнува под прав агол кон југоисток, ја сече КП 661/1, продолжува уште 80м во истиот правец, паралелно со КП 890 низ КП 675/2 по што скршнува под прав агол кон североисток во должина од околу 155м. Од оваа точка повторно под прав агол скршнува кон северозапад низ КП 675/2 се до КП 675/1, во истиот правец ја сече КП 675/1 и со неколкумпомали прекршувања завршува до почетната точка, односно до осовината на Општинскиот пат и до постојниот Р'жаничански канал за наводнување.

Георефернцирани прекршни точки на границата на проектниот опфат:

X=7553103.717 Y=4641698.646

X=7553045.957 Y=4641655.345

X=7553009.179 Y=4641704.405

X=7553018.510 Y=4641711.930

X=7552969.590 Y=4641773.100

X=7552956.610 Y=4641788.410

X=7552932.753 Y=4641817.537

X=7552904.243 Y=4641871.486

X=7552896.559 Y=4641881.913

X=7552887.799 Y=4641905.091

X=7552871.477 Y=4641885.563

X=7552836.714 Y=4641912.121

X=7552830.643 Y=4641904.175

X=7552865.377 Y=4641878.280

X=7553015.670 Y=4641675.420

X=7552959.880 Y=4641634.330

X=7553132.330 Y=4641404.270

X=7553151.910 Y=4641378.170

X=7553198.930 Y=4641315.430

X=7553320.534 Y=4641409.510

X=7553318.693 Y=4641411.888

**3. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето во близина на проектниот опфат и неговата непосредна околина**

Локацијата од проектниот опфат на урбанистичкиот проект до сега не била предмет на урбанизација. Издадени се Услови за планирање на просторот со тех.бр. У02322 од април 2022 година кои содржат општи и посебни услови, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилози од Просторниот план како највисок стратешки, интегрален и долгорочен развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената како и уредувањето и користењето на просторот. Наведените Услови за планирање на просторот со тех.бр. У02322 од април 2022 година се однесуваат на 5.85 ха, додека за останатиот дел од проектниот опфат издадени се Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Р'жаничино. Издадените услови за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

**4. Податоци за природните чинители кои можат да влијаат на развојот на подрачјето во рамки на проектниот опфат, на проектни решенија и на нивното спроведување: географски, геолошки, геомеханички, сеизмички, климатолошки, хидрографски, хидролошки податоци, природни ресурси, заштитени екосистеми и друго**

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие опфаќаат: географска и

геопрометна положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки,педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Предметната локација се наоѓа јужно од населеното место Р'жаничино на надморска височина од 225 м. Се работи за релативно рамен терен согласно Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога за КО Р'жаничино дел бр. 0801-438/3/23 од 05.06.2023година, изработен од Трговско друштво за геодетски работи „Геопроект Инженеринг" ДООЕЛ-Скопје, заверен во Агенцијата за катастар на недвижности бр.1110-407/2023 од 05.06.2023година.
Подрачјето е под влијание на континентална средоземска клима и на овој простор се судираат континенталната клима од север и медитеранската од југ со ослабено влијание. Основни каратеристики се остри и влажни зими и суви и топли лета.

Теренот е изложен на северни и северноисточни ветрови, со најголема честина на северниот ветар од 142 промили , потоа североисточниот со шестина од 120 промили, југоисточниот со честина од 114 промили, јужниот ветар со честина од 82 промили, северозападниот ветар со честина од 81 промил, западниот ветар со честина од 74 промили и источниот ветар со честина од 56 промили.

Температурите на воздухот се со идентични вредности како во целото Скопско Поле, минимални се во јануари, а максимални во јули. Поради поголемата проветреност маглите се појавуваат просечно околу 50 денови. Карактеристични се утринските мразеви до крајот на април.

Во однос на врнежите податоците говорат дека вкупните годишни просечни врнежи се движат околу 504mm со макимум во ноември и мај. Сушниот период трае од јули до септември со траење на сушни периоди од 60 дена. Просечен број на ведри денови во текот на годината има 86, облачни денови 184, а тмурни денови 95. Просечната влажност на воздухот во текот на годината изнесува 70 проценти. Податоците се преземени од мерната станица Петровец, Скопје.

Во Скопско Поле евидентирани се високи подземни води и чести поплави за што е изграден систем за одводнување. Главен реципиент за прифаќање на внатрешните води од Скопско Поле на површина од 6.600 ха и надворешните води од сливното подрачје од лева страна на р.Вардар е реката Вардар кај месноста Таор.

Локацијата се граничи со главниот канал за одводнување преку кој се испуштаат водите во реката Вардар кај месноста Таор.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е во рамки на проектниот опфат, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Во близина на предметниот опфат се наоѓа заштитеното природно наследство Катлановско Блато.

**5. Податоци за создадените вредности и чинители кои ја синтетизираат состојбата на начинот на човековата употреба на земјиштето во рамките на планскиот опфат: културно, историски, демографски, економски, стопански, сообраќајни, социјални и други чинители**

Проектниот опфат во најголем дел претставува земјоделско земјиште со катастарска култура нива, единствено во североисточиот дел евидентирани се два објекти, дел од комплекс во функција на поранешна фарма.

Локацијата административно се наоѓа во рамки на Општина Петровец, каде според пописот во 2002 година живеат 8.225 жители од кои 33% претставуваат расположлива работна сила, како потенцијал за идниот развој на подречјето.

Во демографска смисла реализацијата на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена ГЗ-производство на енергија од обновливи извори, ГЗ.7 – биогасна централа до 3MW, КО Р'жаничино, Општина Петровец ќе биде во насока на создавање на услови за порамномерен регионален развој и развој на стопанството преку производство на енергија од обновливи извори.

Релевантен регионален патен правец за предметната локација е со ознака Р1102 - (Скопје - врска со А2-обиколница Скопје-Катлановo-Велес-Неготино-Демир Капија-Гевгелија-врска со А1).Проектниот опфат го карактеризира добра сообраќајна поврзаност со мрежата на државни патишта на Република Северна Македонија. До проектниот опфат се пристапува преку регионалниот пат Р 1102 (Скопје – Катлановo), а директен пристап е обезбеден преку локален пат кој граничи со проектниот опфат.

Предметната локација се наоѓа во заштитена зона на Аеродромот „Меѓународен аеродром Скопје" кој спаѓа во примарната аеродромска мрежа.

Реализацијата на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена ГЗ-производство на енергија од обновливи извори, ГЗ.7 – биогасна централа до 3MW, КО Р'жаничино, Општина Петровец, ќе биде во насока на развој на локалната економија. Во согласност со основните определби на Просторниот план, реализацијата на урбанистичкиот проект ќе придонесе за обезбедување услови за повисок степен на интегрираност на просторот и намалување на регионалните диспропорции, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура.

**6. Инвентаризација на земјиштето во проектниот опфат, изграденият градежен фонд, вкупната физичка супраструктура и инсталации во рамки на проектниот опфат**

Проектниот опфат во границите опишани погоре во најголем дел претставува земјоделско земјиште со катастарска култура ниви, единствено во североисточиот дел евидентирани се помошни објекти во земјоделието, дел од комплекс на објекти во функција на поранешна фарма. Истите се приземни и се наоѓаат во лоша состојба.

Обезбедени се податоци и информации од надлежните органи и субјекти со јавни овластувања и според истите во рамки на планскиот опфат евидентирано е постоење на следните инфраструктурни градби, инсталации, водови и објекти:

Локацијата нема конфликт со постојните и планирани дистрибутивни и преносни водови. Постојниот 110 кV преносен вод Скопје-Велес минува на 0.3 км североисточно од локацијата.

Во делот на гасоводна инфраструктура, трасата на постојниот магистрален гасовод кон МРС Скопје-југ како и планираниот магистрален гасовод од делницата 5 Скопје-Кичево минуваат далеку на север од оваа локација. Траса на изведен нафтовод Скопје-Солун минува на 4.1 км североисточно од локацијата.

Не се евидентирани електро енергетски водови во сопственост на АД МЕПСО, согласно издадени Податоци за постојни и планирани електроненергетски инсталации бр.11-4551/1 од 01.09.2022 година од стана на надлежното претпријатие.

Постои траса на оптички кабел согласно Одговор на барање информации за ТК инсталации бр.1404-2396/2 од 24.08.2022 7/2 од Агенцијата за електронски комуникации.

Согласно Издавање податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од Електродитрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 10-26/2-505 од 16.08.2022, во проектниот опфат минува надземен 10 (20) кV вод како и новопланиран подземен среднонапонски вод.

Согласно Одговор на барање бр. 15-2423/2 од 16.08.2022 година од АД за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост добиено е известување дека во рамки на проектниот опфат нема изградено ниту планирано гасоводна инфраструктура.

Согласно Известување за податоци и информации бр.08-4704/1 од 17.08.2022 година од ЕСМ АД Електрани на РСМ на предметниот проектен опфат нема постојни или планирани инсталации и објекти во нивна надлежност.

Проектниот опфат се наоѓа надвор од заштитен појас на железничка пруга, а на локацијата нема планирани ниту постојни инсталации кои се во надлежност на ЈП Железници на РСМ-Инфраструктура, согласно Одговор на барање за податоци и информации бр.2001-3600/2 од 19.08.2022 година издаден од наведеното јавно претпријатие.

Согласно Известување за постојни и планирани ТК инсталации бр. 45160 од 17.08.2022 година од Македонски Телеком АД Скопје, во границите на проектниот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Согласно условите за планирање на просторот, стопанскиот комплекс се граничи со главниот канал за одводнување преку кој се испуштаат водите во реката Вардар кај месноста Таор. Податоци и информации од Водостопанство „Скопско Поле" во законски утврдениот рок не се обезбедени.

Наведените податоци и информации се обезбедени преку информацискиот систем Е-урбанизам преку бр. на постапка 45160. Од прилогот подолу може да се увиди од кои субјекти податоците и информациите не се издадени во законски предвидениот рок.







По поднесено барање за издавање податоци и информации, не е обезбеден одговор во законски предвидениот рок од Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, ЈКП Петровец, Водостопанство „Скопско Поле" Акционерско друштво ГА-МА, ЈП за државни патишта, ЈП Македонски шуми.

*Забелешка: Податоци и информации од Министерството за култура, Управа за заштита на културно наследство, АД Електрани на Северна Македонија и Јавно претпријатие за железничка инфраструктура- Железници на Република Северна Македонија се обезбедени надвор од информацискиот систем Е-урбанизам.*

Во текот на постапката за издавање услови за планирање на просторот за Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена ГЗ-производство на енергија од обновливи извори, ГЗ.7 – биогасна централа до 3MW, КО Р'жаничино, Општина Петровец во бр. на постапка 41623 обезбедено е произнесување бр.09-680/2 од 15.03.2022 година од страна на Општина Петровец во кое е наведено дека границата на планскиот опфат за отпочнатата постапка за УПС Ржаничино општина Петровец нема конфликт со проектираниот опфат на УП од член 58, став 6 од Законот за урбанистичко планирање за градби од прва категорија согласно Законот за градење, односно планскиот опфат за отпочнатата постапка за измена и дополна на е УПС Ржаничино општина Петровец е намален за сметка на проектираниот опфат од Проектната програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена ГЗ - производство на енергија од обновливи извори, ГЗ.7 -биогасна централа до 3MB, КО Р'жаничино, Општина Петровец кој простор е опфатен со услови за планирање со тех.бр.Y02322.

Преку информацискиот систем Е-урбанизам преку бр. на постапка 45629, поднесено е уште едно барање за барање за издавање податоци и информации со опомена, на кое истите не се издадени во законски предвидениот рок.



## 7. Инвентаризација на градби со режим на заштита на културно наследство, постојни споменички целини,културни предели и друго

Од увидот на локацијата, констатирано е дека во рамки на проектниот опфат како и во негова непосредна близина не постојат споменични целини, културни предели ниту видливи траги од културно наследство. Согласно Условите за планирање на просторот со тех.бр. У02322 од април 2022 година и Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија, на подрачјето на катастарската општина Р'жаничино има евидентиран недвижен споменик на културата и археолошки локалитет.

Потребно е да се утврди точната локација на евидентираното и регистрирано културно наследство и во таа смисла да се применат соодветни плански мерки за заштита на истото.

Во текот на постапката доставено е барање за издавање податоци и информации од Министерството за култура и Управата за заштита на културно наследство и истите се доставени со допис бр.08-2236/2 од 31.08.2022 година, во кој е наведено дека во границите на проектниот опфат не се загрозува културното наследство односно нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

## 8. Други податоци од субјектите релевантни за подрачјето на проектниот опфат

Согласно Доставување податоци и информации бр.12-8/835 на 15.08.2022 година од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство, проектниот опфат се наоѓа во зоната на аеродромот Меѓународен аеродром Скопје на 3520м и 4189м од прагот 34 на аеродромот, односно во т.н.приодно-одлетна рамнина за ограничување на препреки, чија елевација изнесува 294-300 мнв, и на 242-548м од радионавигацискиот уред НДБ, односно локација каде што се пропишани посебни услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Од Дирекцијата за заштита и спасување – Подрачно одделение Гази Баба обезбедени се податоци и информации, бр.09-287/2 од 24.08.2022 година, а воено и претходни услови за заштита и спасување кои согласно Законот за заштита и спасување („Сл.весник на РМ" бр. 93/12), Проценатa на закрозеност на опфатот на урбанистичкиот проект, Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување при планирање на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и технички преглед („Сл.весник на РМ" бр. 105/05) и други прописи кои ја регулираат оваа област и треба да бидат вградени при изработка на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена ГЗ-производство на енергија од обновливи извори, ГЗ.7 – биогасна централа до 3MW, КО Р'жаничино, Општина Петровец.

# ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА – НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

| БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА НИВО НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ | | |
|---|---|---|
| ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА | ПОВРШИНА (m2) | ПРОЦЕНТ ВО ОДНОС НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ (%) |
| ЗЕМЈИШТЕ ПОД ОБЈЕКТИ | 1.924,00 | 3,0 |
| ОПШТИНСКИ ПАТ | 301,00 | 0,5 |
| НЕУРЕДЕНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА | 400,00 | 0,6 |
| ПОПЛОЧЕНА ПАТЕКА ВО ПАРЦЕЛА | 236,00 | 0,4 |
| НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ - НИВИ | 61.619,39 | 95,5 |
| **ВКУПНО ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ:** | **64.480,39** | **100,0%** |

| ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| НУМЕРАЦИЈА НА ОБЈЕКТ | ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА | ТИП НА КОНСТРУКЦИЈА/ ГРАДБА | КАТН ОСТ | БРОЈ НА НИВОА | ПОВРШИНА НА ОБЈЕКТ ВО ПРИЗЕМЈЕ(m2) | ВКУПНА ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА НА СИТЕ НИВОА (m2) | СОСТОЈБА | | |
| | | | | | | | **(Л)**- ЛОША | **(С)**- СРЕДНА | **(Д)**- ДОБРА |
| **1** | **Г5** - ПОМОШНИ ОБЈЕКТИ ВО ЗЕМЈОДЕЛИЕТО | мешан систем на градба | **П** | 1 | 967,00 | 967,00 | **Л** | | |
| **2** | **Г5** - ПОМОШНИ ОБЈЕКТИ ВО ЗЕМЈОДЕЛИЕТО | мешан систем на градба | **П** | 1 | 957,00 | 957,00 | **Л** | | |
| | | | | **Вкупно:** | **1.924,00** | **1.924,00** | | | |

# ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА - ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ

## ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**2002 - 2020**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Биланс на намена на површините*

### *Користење на земјиштето*
*Карта бр. 20*

Легенда:




## ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**2002 - 2020**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Техничка инфраструктура*

### *Водостопанска и енергетска инфраструктура*
*Карта бр. 23*

Легенда:




## ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**2002 - 2020**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

X=7552932.753 Y=4641817.537

X=7552904.243 Y=4641871.486

X=7552896.559 Y=4641881.913

X=7552887.799 Y=4641905.091

X=7552871.477 Y=4641885.563

X=7552836.714 Y=4641912.121

X=7552830.643 Y=4641904.175

X=7552865.377 Y=4641878.280

X=7553015.670 Y=4641675.420

X=7552959.880 Y=4641634.330

X=7553132.330 Y=4641404.270

X=7553151.910 Y=4641378.170

X=7553198.930 Y=4641315.430

X=7553320.534 Y=4641409.510

X=7553318.693 Y=4641411.888

**2. Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение во градежната парцела**

Проектниот концепт се заснова на Условите за планирање на просторот со тех.бр. У02322 од април 2022 година кои содржат општи и посебни услови, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилози од Просторниот план како највисок стратешки, интегрален и долгорочен развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената како и уредувањето и користењето на просторот. Проектниот концепт е изготвен врз основа на заверена Проектна програма со Потврда за одобрување бр.21-579/7 од 15.07.2022 година, обезбедени податоци и информации од државните органи, институции,установи и правни лица кои вршат јавни овластувања и кои се прилог на документационата основа. Проектниот концепт е исто така условен со мерките за заштита на животната средина и природата, заштита на културното наследство, заштитата и спасувањето, мерките за заштита на почвата и подземните води и тн.

Основна цел на оваа планска документација е преку:

- рационално уредување и искористување на просторот;
- оддржлив развој;

• подигнување на хуманоста во просторот и надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет;
• заштита и унапредување на животната средина и природата;
• заштита на недвижното културно наследство;
• заштита од воени разурнувања, од природни и технолошки катастрофи и хаварии (заштита и спасување);
• јавност во постапката за донесување и спроведување на проектот;
• вградување комплементарни содржини на основната наменска употреба на земјиштето и
• почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето и уредувањето на просторот и останатите релевантни области да се определат урбанистички и архитектонски решенија и да се уредат параметри за реализиција на планираните градби во градежна парцела, да се дефинира основната
класа на намена, комплементарните класи на намена на основната класа на намена, како и начините на употреба на земјиштето.

Во однос на проектниот урбанистички концепт во рамки на предметниот проектен опфат со површина од 6,448039ха е формирана една градежна парцела со класа на намена ГЗ-производство на енергија од обновливи извори, ГЗ.7 – биогасна централа до 3MW. Во согласност со одобрената проектна програма, како комплементарна класа на намена, односно намена што во една градежна парцела и една градба ја дополнува и служи исклучиво за функционирање на основната намена се предвидува и други комплементарни намени опишани детално во идејниот проект како составен дел на овој урбанистички проект.

Во градежната парцела се предвидува рамковна површина за градба од 44.453,00 м², во рамките на која пак се предвидува максимална површина за градба од 66.679,50 м2. Во делот на максималната височина за градење определена е височина од 25 м до венецот, и одредбата е дополнета со број на катови кој во согласност со проектните барања изнесува П/П+1.
Просторна диспозиција и организација на сите градби од комплексот кој е предвиден во планскиот дел на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена ГЗ-производство на енергија од обновливи извори, ГЗ.7 – биогасна централа до 3MW, КО Р'жаничино, Општина Петровец е детално разработена и прецизно дефинирана во проектниот дел на овој урбанистички проект.

Исто така, со проектниот урбанистички концепт од овој урбанистички проект предвидена е пренамена на земјоделското земјиште во градежно земјиште во границите на планираната градежна працела. По однос на ваквото урбанистичко решение од овој урбанистички проект добиено е Мислење од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – Сектор за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост број 40-2234/6 од 06.06.2023 година во кое се наведуваат обврските на закупецот кои би настанале со прекинување на склучениот

договор за закуп за катастарските парцели дел од проектниот опфат и наведена е оправданоста за ангажирањето на земјоделско земјиште во неземјоделски цели.
Во Мислењето од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – Сектор за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост број 40-2234/6 од 06.06.2023 година, се наведува Законот за земјоделско земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 ) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 178/21 и 91/23) со кој се уредуваат користењето, располагањето, заштитата и пренамената на земјоделското земјиште.

Од друга страна, согласно член 54, став (9) од Законот за урбанистичко планирање, кој е основ за спроведување на постапката за одобрување на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена ГЗ-производство на енергија од обновливи извори, ГЗ.7 – биогасна централа до 3MW, КО Р'жаничино, Општина Петровец, уредено е дека доколку во планската програма се предвидува проширување на планскиот опфат заради планирање на површини за градење за коишто со закон не е утврден јавниот интерес, а проширувањето се врши на сметка на земјоделско земјиште, изработувачот на програмата е должен да ги извести за планираната пренамена сопствениците на земјоделското земјиште за да го овозможи нивното информирано и навремено изјаснување по повод програмираното проширување на планскиот опфат, како и мислење од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на земјоделското земјиште.

Согласно член 6 од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21 и 111/23) јавен интерес од значење за Република Македонија согласно со овој закон се утврдува заради:
- градење на нуклеарни електрани, термоцентрали и хидроцентрали со капацитет од и над 1МВ, далноводи со напонско ниво од и над 35КВ, градење на објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до и над 1МВ, трафостаници со напонско ниво над 10КВ и брани со акумулации.

Градбите планирани со Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена ГЗ-производство на енергија од обновливи извори, ГЗ.7 – биогасна централа до 3MW, КО Р'жаничино, Општина Петровец претставуваат градби од јавен интерес со државно значење.

Барател за одобрување на урбанистичкиот проект е правното лице Друштво за земјоделско производство, сточарство и производтство СКОПСКО ПОЛЕ ДООЕЛ, с.Ржаничино, Петровец и истото има склучено договор за закуп за катастарските парцели наведени во Мислењето од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – Сектор за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост број 40-2234/6 од 06.06.2023 година. Во согласност со членот 49 од Законот за земјоделско земјиште, именуваното правно лице ќе достави изјава заверена на нотар во која е согласен

да ја надомести проценетата штета од престанувањето на важење на договорот за закуп кога на земјоделското земјиште во планскиот опфат има склучено договор за закуп или договор за користење на пасишта.

Што се однесува до напомената содржана во Мислењето од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – Сектор за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост бр.40-2234/6 од 06.06.2023 година, со која е нагласено дека меѓу приоритетите на министерството е заштитата на земјоделското земјиште, а особено ограничување на трансформација на земјиштето од 1-4 катастарска класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природноста на земјиштето, што е насока утврдена во Просторниот план на РМ, укажуваме дека исто така една од планските определби од Просторниот план на РМ е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина на проектниот опфат.
Во конкретниот случај не постои никаква економска оправданост градби во функција на биогасна централа да се реализираат на неземјоделско, односно градежно земјиште кое не е во непосредна близина на суровината неопходна за самото производство на енергија.
Исто така, во издадените Услови за планирање на просторот со тех. бр. У02322 наведено е следното:
*„Иницијативата за изградба на објекти за производство на енергија од обновливи извори-биогасна централа во КО Ржаничино, Општина Петровец ќе овозможи поефикасно снабдување на руралните населби со електрична енергија, односно приклучување на нови населби кон мрежата, што е особено значајно за оние кои немаат соодветно, односно квалитетно снабдување. Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети на одржливиот развој."*

**Имајќи го предвид наведеното, како и фактот дека планираните градби за производство на енергија од обновливи извори-биогасна централа во КО Ржаничино, Општина Петровец, претставуваат јавен интерес од државно значење, утврден со закон, сметаме дека е во целост оправдана пренаменета на земјоделското земјиште во неземјоделски цели, како од економски, така и од општествен аспект.**

## 3. Мерки за заштита

### 3.1. Мерки за заштита на културното наследство

Согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.32/20), во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.
Согласно Условите за планирање на просторот со тех.бр. У02322 од април 2022 година година и Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија, на подрачјето на катастарската општина Р'жаничино има евидентиран недвижен споменик на културата и археолошки локалитет.

Потребно е да се утврди точната локација на евидентираното и регистрирано културно наследство и во таа смисла да се применат соодветни плански мерки за заштита на истото. Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со Законот за заштита на културното наследство (Сл. Весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.
По поднесено барање за издавање податоци и информации, не е обезбеден одговор во законски предвидениот рок од Министерство за култура, Управа за заштита на културно наследство.

**3.2. Мерки за заштита на животна средина и природата**

Заштитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува поддршка и создавање услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка, спречување на штетната бучава и вибрации, заштита од јонизирачко и од нејонизирачко зрачење, заштита од непријатна миризба и користење и депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина).
Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.
Загадување на животната средина е емисија на загадувачки материи и супстанции, која е резултат на човековата активност, во воздухот, водата или почвата, којашто може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија од која што може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина.
Во доменот на заштитата на животната средина основна цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.
За остварување на наведената цел, поставките и потребите од заштита на средината се вградуваат во сите домени на урбанистичкото планирање преку проверка и изготвување на современи стандарди и нормативи.
Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина, па за негов квалитет неопходно е сите загадувачи, односно сите објекти кои испуштаат штетни материи да користат уреди за пречистување.
Заштитата на квалитетот на атмосферата треба да се остварува преку следните мерки:

• Интегрална контрола на загадувачите на атмосферата (меѓу кои и издувните гасови од моторните возила) и нивното делување и благовремено укажување на критичните метеоролошки појави.
• Примена на соодветни техничко-технолошки мерки.
• Обезбедување услови за ефикасно природно проветрување и користење на доминантни воздушни струења.
• Подигање и оформување на заштитни зелени појаси (дрвореди).
• Подобрување на состојбата со зелените јавни површини со правилен распоред и создавање на поврзан сиетем на зеленило.

Прашањето на одведување на отпад потребно е да се реши во договор со надлежните институции за собирање на отпадот за осигуран континуиран одвоз, и да се постават контејнери согласно видот на одпадот. Просторот околу контејнерите да се уреди за овозможување услови за одржување и несметан пристап од сообраќајница.

Законска регулатива која ја уредува областа за заштита на животната средина, релевантна за изработка урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план е:

• Закон за животна средина (Сл.Весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08 , 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18);
• Закон за квалитетот на амбиентниот воздух (Сл. Весник на РМ бр. 100/12, 163/13, 10/15, 146/15);
• Закон за управување со отпадот (Сл. Весник на РМ бр. 9/11, 51/11,123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 63/16);
• Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл. весник на РМ бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15);
• Закон за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18);
• Закон за водите (Сл. Весник на РМ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16);
• Уредба за класификација на водите (Сл. весник на РМ бр. 18/99 и 146/15);
• Закон за заштита на природата (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18);

Согласно Условите за планирање на просторот со тех.бр. У02322 од април 2022 година просторот предвиден за изработка на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена ГЗ-производство на енергија од обновливи извори, ГЗ.7 – биогасна централа до 3MW, КО Р'жаничино, Општина Петровец, Општина Петровец се наоѓа во подрачјето „Катланово-Таор" кое е предложено за заштита како Емералд Подрачје.

Доколку при изработка на планската документација или при уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природното наследствокое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство.

По поднесено барање за издавање податоци и информации, не е обезбеден одговор во законски предвидениот рок од Министерството за животна средина и просторно планирање.

**3.3. Заштита на почвата и подземните води**

При изградба на содржините во склоп на проектниот опфат, да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води. Изградбата на новите содржини вклучува отстранување на постојните вегетациски видови и нарушување на живеалиштата на постојната фауна, како и раскопување и отстранување на поголема количина на почва. При реализација на активностите на терен да се избегне непотребно губење, модификација и фрагментација на природните живеалишта и прекумерно искористување на биолошките ресурси, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на постојните екосистеми.

Употребата на тешка механизација во фазата на градба ќе предизвика зголемување на механичкиот притисок врз почвата, односно набивање и компактирање на површинскиот слој. Компакцијата на почвата ја намалува можноста за апсорпција на атмосферските талози, ја отежнува размената на гасови, биолошката активност на почвата, како и растот на корењата кај растенијата. Механичкиот притисок врз почвата, дополнително ја намалува нејзината стабилност и го зголемува ризикот од ерозија. Доколку се применуваат мерки за намалување на компакција на почвата и изградбата на предвидените објекти заврши во период од две години од отпочнувањето на реализацијата на планот, влијанието може да се смета за краткотрајно.

Во смисол на заштита на подземните води се предвидува:

• Заштита на проточните и подземните води има приоритети со соодветно техничко технолошки зафати (изградба на канализациони системи, соодветен третман на отпадни води, редовна контрола на состојбите на водата и нејзиниот квалитет и др.)

• Неутрализирање на штетните отпадни материи пред испуштање во канализациона мрежа.

Согласно Условите за планирање на просторот со тех.бр. У02322 од април 2022 година просторот предвиден за изработка на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена ГЗ-производство на енергија од обновливи извори, ГЗ.7 – биогасна централа до 3MW, КО Р'жаничино, Општина Петровец е во рамки на регионот Скопско Поле, каде што се евидентирани високи подземни води и чести поплави за што е изграден систем за одводнување. За таа цел е потребно да се преземат мерки за заштита и непречено функционирање на инфраструктурата која е дел од системот за одводнување.

По поднесено барање за издавање податоци и информации, не е обезбеден одговор во законски предвидениот рок од Водостопанство „Скопско Поле" како надлежно претпријатие кое стопанисува со наведената инфраструктура.

**3.4. Заштита од бучава**

Прашањето за намалување на проблемите на бучавата од сообраќајниците треба да се решава со обезбедување на заштитни зелени појаси по должина на тие сообраќајници и формирање на зелени коридори.

Со реализација на предметниот урбанистички проект, предвидено е да се обезбеди најмалку 20% зеленило во склоп на предметната градежна парцела, согласно Законот за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ, бр. 11/18).

**3.5. Заштита на воздухот**

Неопходно е при планирањето на просторот да се води сметка за изворите на загадување, воспоставување на зони на санитарна заштита и континуиран мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.

Со реализација на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена ГЗ-производство на енергија од обновливи извори, ГЗ.7 – биогасна централа до 3MW, КО Р'жаничино, Општина Петровец, не се очекува значителна концентрација на возила кои би влијаеле на зголемување на концентрацијата на присутни честици во воздухот. Сепак нивоата на емисии во воздухот треба да бидат усогласени со Правилникот за гранични вредности задозволени нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл. Весник на РМ бр.141/10).

**3.6. Управување со отпадот**

Согласно со член 7 од Законот за управување со отпадот (Службен весник на РМ, бр.09/11-пречистен текст и бр.51/11, 123/12, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 63/16),
создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен или во истиот или во друг процес за екстракција на секундарни суровини или пак да се искористи како извор на енергија.

Со реализација на содржините предвидени со Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена ГЗ-производство на енергија од обновливи извори, ГЗ.7 – биогасна централа до 3MW, КО Р'жаничино, Општина Петровец би се овозможило организирано и ефикасно управување со отпадот и негова преработка со цел производство на електрична енергија.

Во периодот на градба на новите содржини ќе се отстрани и мала количина на почва. По завршувањето на градежните активности потребно е да се процени можноста за повторно искористување на отстранетата почва од теренот, со цел да се избегнат дополнителните економски трошоци заради потребата од нејзина дислокација. По завршување на активностите на терен шутот треба да биде уредно одложен на депонија.По завршувањето на градежните активности потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини. Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади.

Заради успешна имплементација на системот за заштита на животната средина при реализација на активностите предвидени со Урбанистичкиот проект потребно е да се почитува следното:

- зачување на амбиенталните, есетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- озеленување на околните површини со високо и ниско зеленило;
- селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем;

• изградба на современа инфраструктура;
• заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на друга инфраструктура.

При вршењето на предвидените активности да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и животот и здравјето на луѓето кои претстојуваат во непосредната околина. Потребно е да се нагласи дека загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

**3.7. Мерки за заштита и спасување**

Во тек на постапката за изработување на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена ГЗ-производство на енергија од обновливи извори, ГЗ.7 – биогасна централа до 3MW, КО Р'жаничино, Општина Петровец обезбедени се Податоци и информации бр. бр.09-287/2 од 24.08.2022 година од Дирекцијата за заштита и спасување. Согласно Законот за заштита и спасување ( Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр. 168/17) и Законот за управување со кризи (Сл. Весник на РМ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функција на превенција се следниве мерки и активности:
• изработка на процена на загрозеност за можни опасности и план за заштита и спасување од проценетите опасности;
• вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа;
• уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување;
• воспоставување на организација и системи потребни за заштита и спасување;
• обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност, како и при изградба на објекти и инфраструктура.

Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува: изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства, регулирање на водотоците и изградба на систем на одбранбени насипи, изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти за заштита, како и изградба на потребната инфраструктура.
Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

***Урбанистичко-технички мерки се:***
• засолнување;
• заштита и спасување од поплави;
• заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;
• заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства;
• заштита и спасување од урнатини;
• заштита и спасување од техничко- технолошки несреќи и
• спасување од сообраќајни несреќи.

***Хуманитарни мерки се:***
• евакуација;
• згрижување на загрозеното и настраданото население;
• радиолошка, хемиска и биолошка заштита;
• прва медицинска помош;
• заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло;
• заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
• асанација на теренот.

**3.8. Урбанистичко-технички мерки**

**3.8.1 Засолнување**

Засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство.
Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови.
Јавните засолништа според отпорноста се градат како засолништа за основна заштита,во согласност со техничките нормативи за изградба на јавни засолништа што ги донесува директорот на Дирекцијата.
Републиката има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошкохидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.
Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.
Тековното и инвестиционото одржување на засолништата го вршат сопствениците или корисниците на истите.
При опасност засолништето мора да се доведе во функција за основната намена во рок од 48 часа, со непречен пристап за лицата за кои е наменето.
Одржувањето, сервисирањето на средствата и опремата во сите засолништа и атестирањето го вршат трговски друштва, јавни претпријатија, установи и служби регистрирани за таква дејност, кои што имаат вработени лица со лиценца за вршање на таква дејност согласно со закон.
Градежни зафати со кои се намалува заштитното својство на засолништето не се дозволени.
Засолништата и другите заштитни објекти можат да се издаваат под закуп, под услов да не се наруши нивната примарна заштитна функција.
Засолништата другите заштитни објекти се издаваат под закуп од страна на нивните сопственици, а за засолништата и другите заштитни објекти чиј сопственик е непознат, издавањето го врши Дирекцијата.
Издавањето на засолништата другите заштитни објекти под закуп се врши согласно созакон. Дирекцијата води евиденција за изградените засолништа и другите заштитни објекти. Начинот на водење на евиденцијата за изградените засолништа и другите заштитни објекти го пропишува директорот на Дирекцијата.

### 3.8.2 Заштита и спасување од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на загрозените и настраданите, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.
Согласно Условите за планирање на просторот со тех.бр. У02322 од април 2022 година просторот предвиден за изработка на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена ГЗ-производство на енергија од обновливи извори, ГЗ.7 – биогасна централа до 3MW, КО Р'жаничино, Општина Петровец е во рамки на регионот Скопско Поле, каде што се евидентирани високи подземни води и чести поплави за што е изграден систем за одводнување. За таа цел е потребно да се преземат мерки за заштита и непречено функционирање на инфраструктурата која е дел од системот за одводнување.

### 3.8.3 Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер.

Заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите објекти и места со превентивни и оперативни мерки.

Превентивни мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, се активности кои се планираат и спроведуваат со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите.

Оперативните мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се активности за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожари, експлозии и опасни материи.

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштиита од пожари, друга противпожарна опрема, средства за гасење на пожари и противпожарни апарати според пропишани стандарди.

Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита предвидува:

• брз и непречен пристап до градбите;

• градбите се предвидуваат од лесни материјали со помали тежини, со примена на огноотпорни материјали,

• при планирањето е водено сметка за обезбедување на доволни растојанија меѓу градбите,

• со сообраќајното решение и начинот на кој се предвидува изградбата на градбите овозможен е пристап на противпожарно возило од најмалку 3 страни,

• внатрешните сообраќајни површини се со доволна ширина, а потребно е да се изведат со задоволувачки осовински притисок, што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила,

• инсталациите, уредите и постројките треба да се изведат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии,

• самиот инвеститор согласно Закон треба да обезбеди потребна противпожарна опрема.

• Во просторот, предмет на урбанистичкиот проект, потребно е да се изготви проект за хидрантска мрежа за надворешни и внатрешни пожарни хидранти за гасење на пожарот што би ги зафатиле градбите.

Со понатамошна разработка на градбите утврдени со урбанистичкиот проект преку основни проекти, задолжително да се планира изведба на внатрешна и надворешна мрежа согласно Правилникот за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гаснење на пожари (Сл. весник на РМ бр. 26/18).

Најблиската ПП станица е во Скопје, кај хотелот „Континентал" од каде би пристигнало ПП возило и истата е на оддалеченост од 19 километри до комплексот, а би пристигнало за 18 минути, зависно од состојбата и ограничувањата на сообраќајниците

*Надворешна хидрантска мрежа*

Согласно горенаведениот правилник се утврдува потребата од изведба на надворешна хидрантска мрежа како прстенест систем на цевководи. Растојанието помеѓу два соседни

надворешни хидранти да се определи во зависност од намената, големината и од слични карактеристики на објектот, со тоа што пожарот на секој објект може да се гасне со најмалку два надворешни хидранта. Дозволеното растојание меѓу два соседни надворешни хидранта треба да изнесува најмногу 80м.

Растојанието на хидрантот од ѕидот на објектот да изнесува најмалку 5м, а најмногу 80м. Околу објектот што се штити од пожар да се поставуваат надземни хидранти, а ако надземните хидранти го попречуваат сообраќајот, да се поставуваат подземни хидранти. Хидрантите треба да бидат лесно достапни и постојано подготвени за употреба и да се означат со таблица со запишано растојание од ознаката до местото на кое се наоѓа хидрантот. Според протоколот што треба да се оствари, се вградуваат хидранти од No 80 или од No 100. Хидрантите треба да бидат поставени и заштитени да се спречи нивно замрзнување или оштетување. Цевките на разводниот цевковод во мрежата на хидрантите и цевките за одделен хидрант треба да имаат пречник не помал од 100мм. Потребниот притисок во надворешната хидрантска мрежа, не треба да биде помал од 2,5 bar. Ако надворешната хидрантска мрежа располага со доволна количина вода, а притисокот не е доволен, треба да се вгради уред за зголемување на притисокот на водата, при што пумпата треба да го обезбеди потребниот притисок, кој на местото на потрошувачката изнесува најмалку 2,5 bar. Во непосредна близина на хидрантот, предвиден за непосредно гаснење на пожар, да се постави ормар за сместување на цревата, млазникот, клучот и другата потребна опрема. Бројот на црева со стандардна должина се определува во зависност од оддалеченоста на хидрантот од објектот како и според потребите за интервенција од надворешната страна на објектот.

*Внатрешна хидрантска мрежа*

За внатрешната хидрантска мрежа се употребуваат цевки со најмал внатрешен пречник од 52мм, односно хидрантски приклучок со најмал внатрешен пречник од 52мм од типот С, според македонскиот стандард МКС Б.6.673. Цевките за внатрешната хидрантска мрежа не се поставуваат низ простории загрозени од пожар. Во поголемите простории цевките за внатрешна хидрантска мрежа можат да се поставуваат и покрај внатрешните столбови на објектот. Меѓусебното растојание на хидрантите се определува така што целокупниот простор што се штити се покрива со млаз вода, при што се води сметка за тоа должината на цревата да изнесува 15м, а должината на компактниот млаз 5м. Хидрантите се сместуваат во премини, скалишни простории и патишта за евакуација, во непосредна близина на влезните врати на просториите што можат да бидат загрозени од пожар, со услов да не ја попречуваат евакуацијата. Во хидрантскиот ормар се поставува пожарникарско црево со номинален пречник од 52мм со млазник со пречник 12мм, и универзален клуч за пожарникарски спојки.

• во понатамошната разработка на објектите со основни проекти, обврзно да се реши громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување согласно Правилникот за стандарди за заштита на објекти од атмосферски празнења (Сл. Весник на РМ бр. 101/00).

Заштитата на градбите, помеѓу другото, поволно и прописно е да биде преку:

- Правилен избор на вградените материјали и применети конструкции;
- Вградување противпожарни пречки (член 54 став 1 алинеја 4 од Законот за заштита и спасување Сл.весник на РМ бр.93/12-Пречистен текст 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18);

- Вградување на соодветна хидрантска мрежа.

При изработката на урбанистичкиот проект почитуван е Законот за заштита и спасување(Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16,152/19) Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр 99/17, 143/17, 243/17 и 243/18 со важност од 01.10.2020год.), како и Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл. весник на РМ бр. 94/09), Правилник за суштинските барања за градежните објекти (Сл. Весник на РМ бр. 74/06), Правилник за изборот на видовите и на количините на противпожарните апарати со кои треба да располагаат правните лица и граѓаните, како и за критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои што вршат сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати (Сл. Весник на РМ бр. 105/05), Правилникот за начинот на определување на места на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари, другата противпожарна опрема, средствата за гасење на пожари и противпожарните апарати, нивното одржување во исправна состојба, посебното обележувања и достапност за употреба (Сл. Весник на РМ бр. 74/06 и 76/07) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика. Уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

При изработката на понатамошна проектна документација, потребно е да се изготви посебен Проект за заштита од пожари и да се прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, согласно Упатството за содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр.139/10).

Обезбедување на хидрантска вода ќе биде остварено преку зафаќање на санитарната вода и тоа со инсталација на надворешна хидрантска мрежа, која ќе биде предмет на понатамошна разработка со основен проект.

Согласноста ја издава Дирекцијата за заштита и спасување.

### 3.8.4 Зони на опасност и од избувнување на пожар, експлозија

Места загрозени од експлозивни смеси претставуваат зони на опасност. Зони на опасност се сметаат сите места, отворен простор и внатрешни простории, каде што постојат или можат да се појават запаливи гасови, пареи на запаливи течности и ситни честички од запалива прашина во соодветна смеша во воздухот, истите се одредени спрема:

• основните карактеристики на запаливите течности,

• можност за создавање на експлозивни смеси на запалните гасови со воздухот,

• одалеченост мерена по најкраток пат по кој запалните гасови можат да се шират на отворен простор (имајќи во предвид дека овие гасови се потешки од воздухот).

### 3.8.5 Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и

обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неекслодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот.
Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.
Ако не се исполнети горенаведените услови уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на предходно определени и уредени места за таа намена. Соодветно, при превземање на активности за градба на објектите потребно е теренот да се испита.

**3.8.6 Заштита и спасување од урнатини**

Дефинирање на сеизмички хазард всушост претставува дефинирање на економско технички критериуми за прифатливо ниво на безбеденост на градежната конструкција за различни материјали на објектите.
Просторот кој е предмет на анализа има потреба од примена на соодветни мерки за штита, односно задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на градбите.
За да се избегне сеизмичкиот хазард потребно е градбите да се градат според параметрите и критериумите за сеизмичка градба.
Во рамки на проектниот опфат, заштитата од урнатините ќе се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Република Македонија, изградени со помала количина на градежен материјал, релативно помали тежини и соодветни конструктивни системи.
Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирањето на просторот, урбанизирање на населбите и изградба на објектите. Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини,нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците.
При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.
Согласно Условите за планирање на просторот, проектниот опфат се наоѓа во подрачје каде што се можни потреси од 8° по Меркалиј-Канцани Зиберг, па во склад со овие бројки треба да се предвидат и конкретни мерки за отпорноста на градбите и инсталациите.
Проектното решение во Урбанистичкиот проект е изработено врз основа на утврдениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.
Односно, во случај на можни разурнувања било од земјотес или од воздушен воен удар, проектното решение на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла),
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални воизила,
- непречена интервенција,

• штетите да се сведат на минимум,
• брза санација на последиците.

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од природни катастрофи. Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмична градба во делот на статиката и динамичка анализа на градбите, како составен дел на понатамошната проектна документација.

### 3.8.7 Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи

Заштитата и спасувањето од техничко-технолошките несреќи опфаќа преземање на превентивни и оперативни мерки во индустриските објекти, кои во производниот процес употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра.

Превентивни мерки за заштита и спасување од техничко - технолошките несреќи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање, со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на индустриски објекти, редовно одржување на инсталациите и опремата, како и примена на прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа.

Оперативни мерки за заштита и спасување од техничко- технолошките несреќи се активностите за спречување на настанување и намалување и остранување на предизвиканите последици.

### 3.8.8 Спасување од сообраќајни несреќи

Спасувањето од сообраќајни несреќи опфаќа мерки и активности за спасување при настанати големи несреќи во патниот, железничкиот, воздушниот и водениот сообраќај во кои има поголем број повредени и загинати лица и/или е предизвикана голема штета.

Оперативните мерки за спасување се активности за извидување, пронаоѓање и извлекување на повредените и загинати лица, укажување прва медицинска помош и транспорт до соодветните здравствени установи, како и учество при отстранување на последиците предизвикани од сообраќајните несреќи.

## 3.9. Хуманитарни мерки

### 3.9.1 Евакуација

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи. Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одреденовреме. Евакуацијата на населението во друга општина не смее да доведе до нарушување во извршувањето на нејзините надлежности.

Општина на чие подрачје е сместено евакуираното население ги покрива трошоците за обезбедување на основните услови за живот (сместување, исхрана, здравствена заштита и образование), со тоа што надоместокот за направените трошоци се на товар на општината од која е евакуирано населението, односно на товар на Републиката.

### 3.9.2 Згрижување на настрадано и загрозено население

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.

Републиката и единиците на локалната самоуправа од кои се згрижува населението ги покриваат трошоците за сместување и обезбедување на основните услови за живот.

### 3.9.3 Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за остранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуаат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средсва, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Дополнително доколку производниот процес вклучува употреба на опасни материи, при понатаможната разработка на парцелата, потребно е да се планираат и можни локации за складирање и депонирање на опасните материи.

Планирањето и подготвувањето на активностите за спроведување на мерката радилошка, хемиска и биолошка заштита се врши од страна на органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, установи, служби и трговски друштва.

### 3.9.4 Прва медицинска помош

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

Потребната организација за спроведување на прва медицинска помош се утврдува во плановите за заштита и спасување. Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош, зависи од оддалеченоста на најблиската болница или поликлиника.

### 3.9.5 Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, и други несреќи.

Превентивни мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

### 3.9.6 Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло

Заштита и спасување на растенија и производите од растително потекло опфака превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

Превентивни мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

### 3.9.7 Асанација на теренот

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здрав ето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите, како и асанација на објектите за водоснабдување.

### 3.9.8 Свлекување на земјиштето

Со оглед на конфигурацијата на теренот, се претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, па следствено при изработка на основен проект потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

## 4. УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

### 4.1 Проектен опфат

Регулацијата на градежното земјиште односно неговото создавање по пат на зафаќање и ограничување на подрачјето од други видови на земјишта, како и неговото одделување и

пренаменување од другите видови на земјиште во градежно земјиште (нулта поделба на градежно земјиште) се врши со линиската планска одредба - граница на проектен опфат. Во согласност со одобрената Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена ГЗ-производство на енергија од обновливи извори, ГЗ.7 – биогасна централа до 3MW, КО Р'жаничино, Општина Петровец се определува проектен опфат со површина од 6,448039ха.

**4.2 Класа на намена**

Со овој урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план, а во согласност со одобрената Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена ГЗ-производство на енергија од обновливи извори, ГЗ.7 – биогасна централа до 3MW, КО Р'жаничино, Општина Петровец, се определува класа на намена ГЗ-производство на енергија од обновливи извори, ГЗ.7 – биогасна централа до 3MW со комплементарни намени кои служат исклучиво за функционирање на основната намена, опишани детално во идејниот проект како составен дел на овој урбанистички проект.

**4.3 Регулаторни линии - регулациона линија, граница на градежна парцела и градежна линија и дозволени пречекорувања**

Регулаторни линии се регулациона линија, граница на градежна парцела и градежна линија. Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба.

Во графичките прилози означена е регулационата линија со полна зелена линија со дебелина од 0,75мм и истата целосно се поклопува со границата на градежната парцела конкоридор.

Граница на градежна парцела е линија на разграничување на носителите на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели. Во графичките прилози границата на градежна парцела е означена со полна зелена линија со дебелина од 0,5мм.

При определување на гардежната парцела исполнети се исполнети се основните услови кои еден ограничен дел градежно земјиште треба да ги исполни за да се оформи во градежна парцела се, односно градежната парцела се наоѓа непосредно до земјиште за општа употреба изведено или испланирано како сообраќајна инфраструктура и истата да може непречено да се пристапува и во неа може самостојно и поединечно да се гради, употребува и одржува планираната градба согласно нејзината намена. Исто така градежната парцела има димензии и форма кои соодветствуваат со намената на земјиштето и градбите, видот и густината на градбите и начинот на нивното користење.

Согласно условите наведени погоре во Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена ГЗ-производство на енергија од обновливи извори, ГЗ.7 – биогасна централа до 3MW, КО Р'жаничино, Општина Петровец се оформува градежна парцела означена и нумерирана како ГП 2, со површина од 63.504,02м2.

Градежна линија е граница на површината за градење внатре во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбите може да се градат. Во графичките прилози

градежната линија е означена со полна црна линија со дебелина од 0,5мм и ознака „ГЛ" во истата боја.

Со градежна линија во урбанистички план се утврдуваат урбанистичките параметри и условите за градење на идна градба.

Површина за градење е планска одредба со која во урбанистички план се одредува површината од градежно земјиште односно делот од градежната парцела кој се предвидува за градење на градба Комплексните градби составени од повеќе површини за градење или комплексите што содржат повеќе градби во една градежна парцела, по правило се уредуваат во две фази:

- во првата фаза, односно во планскиот дел на урбанистичкиот проект се одредува поголема рамковна површина за градење и се одредува процент на изграденост на земјиштето како планска одредба што квантитативно ја ограничува површината за градење која ќе се дефинира во урбанистички проект, и
- во втората фаза рамковната површина за градење се разработува во урбанистички проект во кој се одредува точната површина за градење, како и нејзината големина и форма.

Со планскиот дел на предметниот урбанистички проект се дефинира рамковна површина за градење во градежната парцела на начин прикажан во графичките прилози. Максималната површина за градење изнесува 44.453,00м2. Графички определената градежната линија се спроведува со можни и дозволени пречекорувања на зададените елементи од архитектонската пластика на градбите.

За дозволени пречекорувања на градежната линија што не треба да се уредуваат со посебни одредби поединечно се сметаат сите инсталации за вертикална комуникација, технички инсталации и слично, што по правило се градат од монтажни метални конструкции, како што се:

1. надворешни лифтови,
2. противпожарни и други нужни скали и инсталации за вертикална комуникација,
3. канали и оџаци,
4. системи за пасивно и активно производство на
енергија – кровни соларни панели, фотоволтаични панели и слични,
5. телекомуникациски антени и инсталации,
6. други техничко-технолошки уреди и инсталации,
7. украсни архитектонски елементи и конструкции што го оформуваат архитектонскот израз, а кои можат да имаат и функционална улога како што се брисолеи и други елементи и конструкции.

Останатите пречекорувања на градежната линија можат да се спроведуваат под следните услови:

- Дозволено е пречекорување на градежната линија на првостепената и второстепената архитектонска пластика само над приземниот кат на градбата, додека помеѓу теренот и првиот кат може да се предвидуваат пречекорувања само со одредени елементи од третостепената архитектонска пластика, кога за тоа постојат услови и не повеќе од 0,30 м;
- Доколку растојанието помеѓу градежната линија и границата на градежната парцела е поголемо од 1,20 м дозволените издадени делови не можат да бидат на растојание од границата на градежната парцела што е помало од 1,20 м;

- Процентот од вкупната должина или површина од фасадата кој може да го зафати одреден тип архитектонска пластика изнесува 50 %;
- При планирање на површини за градење со меѓусебни растојанија кои кон страните и дното на парцелата се поголеми од 16,00 м, нема ограничувања за употребата на архитектонската пластика.

**4.4 Партер, оградување на градежна парцела и озеленување**

Дворното место во градежната парцела односно површината на парцелата која преостанува вон површината за градење и служи за правилно функционирање на градбата согласно нејзината намена, може да се уреди со проектна докумнетација.

(2) Градежните зафати во партерот од градежната парцела вон површината за градење ограничена со градежна линија, што можат да се уредуваат со проектна документација без да бидат посебно уредени се:

1. сите површини на внатрешниот автомобилски и пешачки сообраќај, пристапни улици, паркиралишта, патеки и пешачки простори,
2. градбите за совладување на денивелациите до паркинг просторите во градежната парцела и градбата: рампи, платформи, лифтови за возила и конструкции за нивно покривање,
3. транспарентни тенди и стреи што не го оградувааат просторот,
4. мали базени и друга дворна опрема за рекреација,
5. архитектонска обработка на партер и урбана опрема за двор,
6. други комплементарни инсталации во градежна парцела согласно нејзината основна намена.

Во процесот на изработување и спроведување и урбанистички проект се почитуваат следните принципи на одведување на атмосферските односно површинските води од градежна парцела:

1. Во планот или проектот површинските води во градежната парцела мораат да се водат со риголи или со цевковод кон пристапната улица со наклон што не е помал од 1,5%.
2. Во проектот треба да се планираат наклоните на земјиштето и внатрешните сообраќајници на тој начин што нема да ги водат или усмеруваат површинските води од една градежна парцела кон соседна градежна парцела.

Оградувањето на градежната парцела може да биде:

- со транспарентна ограда со вкупна висина од 1,20 м до 2,00 м со можност за изведба на sидан парапет со висина од 0,40 м до 0,80 м или со
- со транспарентна ограда со вкупна висина од 2,40 м со можност за изведба на sидан дел до висина од 1,80 м, за индустриски и други деловни намени,
- со sидана ограда со висина до 2,40 м за градежни парцели кадешто обезбедувањето на поголем степен на сигурност е програмско барање.

Неизградениот простор се предвидува да се уреди со ниско и високо зеленило. Согласно Член 20 од Законот за урбано зеленило (СЛ. Весник на РМ бр.11/18 и 42/20) потребно е да се обезбеди најмалку 20% зеленило на ниво на теренот.

**4.5 Урбанистички параметри за уредување на изграденост - процент на изграденост и коефициент на искористеност**

Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која во урбанистички план ја покажува густината на планираната изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со површини за градење.

Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината за градење и вкупната површина на градежното земјиште на градежната парцела изразен во процент.

Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.

Планираниот коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупно планираната површина по катови, односно збирот на површините на сите планирани надземни катови и вкупната површина на градежното земјиште во пресметковната просторна единица, изразен со рационален број до две децимали.

Вкупна изградена површина изнесува 66.679,50м2 и истата се пресметува со собирање на сите подни површини на сите надземни катови на градбата, вклучувајќи ги и потпокривните катови, како и сутеренските катови односно катовите под нивото на приземјето. Во вкупната изградена површина не се пресметуваат површините на отворените делови од зградата: наткриени и отворени тераси, балкони, лоѓии, натстреи, тремови, надворешни скали и пристапни рампи. Процентот на изграденост и коефициентот на искористеност на земјиштето не се употребуваат како планска одредба на ниво на градежна парцела во кои со плански одредби се дефинирани градежните парцели, градежните линии и површините за градење, максималната височина на градбите и други плански одредби што го дефинираат габаритот на планираната градба, освен за рамковните површини за градење што служат за разработување со урбанистички проект во процесот на спроведување на планот.

Во насока на претходно наведеното со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена ГЗ-производство на енергија од обновливи извори, ГЗ.7 – биогасна централа до 3MW, КО Р'жаничино, Општина Петровец за дефинираната рамковна површина за градење се определуваат следните урбанистички параметри за уредување на изграденост:

- процент на изграденост кој изнесува 70% и
- коефициент на искористеност кој изнесува 1.1.

**4.6 Најголема дозволена височина на градењето, висина на слеме и висина на нулта плоча**

Максималната височина на градбата во урбанистички проект вон опфат на урбанистички план се изразува како:

1. вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и завршниот венец на градбата изразена во должни метри, и/или
2. вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и највисоката кота на градбата изразена во должни метри.

Максималната височина на градбата се одредува за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела, односно од страната на сообраќајниот пристап.

Горен или завршен венец на градбата е хоризонтална линија до која завршува вертикалниот фасаден ѕид од градбата поставен на градежната линија од страната на лицето на градежната парцела.

Висинската кота на тротоарот се уредува во нивелманскиот план кој е графички прилог на урбанистичкиот план и се изразува како кота на надморска височина во случаи на планирани сообраќајници, а во случаи на изведени сообраќајници висинската кота се одмерува од изведениот тротоар.

Максималната височина на градбата изразена во должни метри може но не мора да се надополнува со планска одредба која го одредува или го ограничува бројот на спратови кој може да се изгради во одредената максимална височина на градбата. Доколку максималната височина се одредува како вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и завршниот венец на градбата изразена во должни метри таа треба да се дополни со планска одредба за максимална височина на слемето на кровот.

Со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена Г3-производство на енергија од обновливи извори, Г3.7 – биогасна централа до 3MW, КО Р'жаничино, Општина Петровец се определува максималната височина на градбата од 25.00 м и катност од П/П+1.

Нултата плоча на новопланирани градби на рамен терен каков што е теренот во рамките на опфатот на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена Г3-производство на енергија од обновливи извори, Г3.7 – биогасна централа до 3MW, КО Р'жаничино, Општина Петровец не може да биде под котата на теренот односно под котата на нивелетата на јавниот или пристапниот пат.

Височина на слеме е планска одредба која се уредува во урбанистички план како височински услов за градење. Слеме претставува највисока точка на кровната конструкција или највисока хоризонтална линија на пресекот на рамнините што го формираат покривот или доколку се работи за едноводен кров тоа е линија на пресекот на наклонетата рамнина на кровот и вертикалната рамнина на фасадата на градбата.

Кога височината се одредува со параметарот височина на горниот венец, височината на слеме се одредува и мери од котата на горниот венец на градбата, а кога височината се одредува само со височината на слеме, таа се мери од котата на тротоарот или од пристапната или заштитната патека до градбата.

Од максималната височина на слемето и дозволената силуета на покривот може да отстапуваат други делови на градбите што се уредува со урбанистички план на ниво на плански опфат, блок или поединечна градежна парцела и тоа:

- кули, покривни бањи, стакларници и издадени покривни елементи,
- оџаци, вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите техничко-технолошки инсталации, и
- сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обѕидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот.

**4.7 Вид на покрив**

Во дозволената височина на слемето можно е формирање на повеќе типови на покриви од кои најчести се косите, рамните и мансардните покриви. Во согласност со планираната класа на намена се предвидува рамен покрив со агол на косина до 1.70 %.

**4.8 Паркирање**

Паркинг место е правоаголна површина што служи за стационирање односно мирување на моторно возило со димензии, простор за пристап, маневрирање и пристапна сообраќајница или рампа кои соодветствуваат со меродавниот габарит на возилото. Паркинг местата за моторциклите, велосипедите со мотор, како и за велосипедите се планираат заедно со паркинг местата за моторни возила, при што во површината на едно стандардно паркинг место за возило се пресметуваат 2 места за моторцикли, 6 места за велосипеди со мотор и 8 – 10 места за велосипед.

Паркинг местата за велосипеди можат да бидат дел од паркинг просторот за моторниот сационарен сообраќај, дел од посебно проширениот простор во состав на површините за велосипедски сообраќај или дел од пешачкиот простор.

Начинот на пресметување на неопходниот или потребниот број паркинг места за секоја градба според нејзината намена или големина се утврдува како планска одредба во урбанистички проект вон опфат на урбанистички план.

Како тип на паркиралишта со овој урбанистички проект, а соодветно на намената се определуваат паркиралишта во подрачја и градби со групи на класи на намени Г кои им служат првенствено на вработените. Овие паркиралишта се планираат во рамки на градежната парцела. Во врска со начинот на пресметување на најмалиот потребен број на паркинг места според намената на земјиштето и градбите и нивната големина, како планска одредба се користи следниот норматив норматив кој се однесува на сите градби од групата класи на намени Г-производство,рударство,енергетика, индустрија односно потребниот број паркинг места за се утврдува во процесот на спроведување на урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата – да се обезбедат во рамки на градежната парцела

**4.9 Внатрешни сообраќајници**

Елементите на сообраќајот во рамките на градежната парцела се определуваат во урбанистички проект и во друга проектна документација во процесот на спроведување на урбанистичкиот план, согласно намената на градбите. Во согласност со класата на намена , внатрешниот сообраќај е прилагоден на транспорт на тешки товарни возила.

**4.10 Нивелманско решение**

Вертикалната поставка на планираните сообраќајни површини во рамките на проектниот опфат е условена со постојниот терен и истата е утврдена врз основа на Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога за КО Р'жаничино дел бр. 0801-438/3/23 од 05.06.2023година, изработен од Трговско друштво за геодетски работи „Геопроект Инженеринг" ДООЕЛ-Скопје, заверен во Агенцијата за катастар на недвижности бр.1110-407/2023 од 05.06.2023година.

Котата на градбата и пристапот ќе се усогласат со нивелетата на постојниот локален пат и условите на теренот.

**4.11 Основни водови на инфраструктура**

Градежната парцела се наоѓа непосредно и јужно од с. Р'жаничино и само околу 3км од централниот дел на н.м. Петровец – југоисточно непосредно до регионалниот одводен Р'жаничански канал. Парцелата е со подолжен пад од i~$1^0/_{00}$ кон каналот и попречно односно паралелно на каналот со i~$3^0/_{00}$.

Земјиштето помеѓу населените места Петровец, Р'жаничино, Орешани и Огњанци е со високо ниво на подземна вода, заради што е изграден хидросистем мрежа - ХМС за одводнување со отворени канали, кои гравитираат кон регулираниот одводен Р'жаничански канал - колектор. Средна надморска висина на ГП 2 е околу 223,0м.

**4.11.1.Водоводна мрежа**

Во текот на постапката за изработување на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена ГЗ-производство на енергија од обновливи извори, ГЗ.7 – биогасна централа до 3MW, КО Р'жаничино, Општина Петровец по поднесено барање за издавање податоци и информации од Јавното комунално претпријатие надлежно за територијата на Општина Петровец, истите не се издадени.

Разработка на планираната водоводна мрежа ќе се изврши согласно важечките технички стандарди и нормативи за ваков вид на инфраструктура, која ќе биде предмет на понатамошна разработка со основен проект. За проектното решение, во текот на постапката за издавање одобрение за градење ќе се обезбедат позитивни мислења од ЈКП „Петровец"и Дирекцијата за заштита и спасување од аспект на противпожарна заштита.

Проектното решение, покрај снабдување со вода од локалното јавно комунално претпријатие, предвидува и можност за водоснабдување да се користат подземни води (бунари) при што е неопходно експлоатацијата на подземните води да се базира на извршени хидрогеолошки испитувања со кои ќе се утврди квалитетот на водата и режимот на хранење на бунарите.

**4.11.2 Фекална канализациона мрежа**

Во текот на постапката за изработување на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена ГЗ-производство на енергија од обновливи извори, ГЗ.7 – биогасна централа до 3MW, КО Р'жаничино, Општина Петровец Општина Петровец по поднесено барање за издавање податоци и информации од Јавното комунално претпријатие надлежно за територијата на Општина Петровец соодветните податоци не се издадени.

Одведувањето на фекалните води на предметната градежна парцела се планира да се изведе со предходно соодветно прочистување во пречистителна станица за отпадни води. Пречистените отпадни води може да се користат за наводнување на зелените површини, исто така постои можност вака пречистените фекални води да се користат во технолошкиот процес на биогасната централа или ќе се одведат преку испуст и ќе се испуштаат во регулираниот Р'жаничански канал.

### 4.11.3 Атмосферска канализациона мрежа

Во делот на атмосферска канализациона мрежа во текот на постапката за изработување на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена ГЗ-производство на енергија од обновливи извори, ГЗ.7 – биогасна централа до 3MW, КО Р'жаничино, Општина Петровец по поднесено барање за издавање податоци и информации до Јавното комунално претпријатие надлежно за територијата на Општина Петровец соодветните податоци не се издадени.

Проектното решение предвидува целокупната акумулираната атмосферска вода од парцелата преку испуст ќе се одведува до регулираниот Р'жаничански канал. Доколку се утврди потреба со понатамошната проектна документација постои можност, атмосферските води да се користат во технолошкиот процес на биогасната електроцентрала или може да се користат за наводнување на зелените површини.

### 4.11.4 Електро-енергетска инфраструктура и објекти

Согласно Издавање податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од Електродитрибуција ДООЕЛ Скопје бр.10-26/2-505 од 16.08.2022 година, покрај и делумно во проектниот опфат минува надземен 10 (20) кV вод. Исто така наведена е постојна 10(20)/0.4kV трафостаница, која се наоѓа во градежната парцела. Дел од нисконапонскиот надземен 10 (20) кV вод и постојната 10(20)/0.4kV трафостаница се дислоцираат заради реализација на градбите од овој урбанистички проект (види графички прилози). Низ опфатот минува и новопланиран подземен среднонапонски вод. За приклучување на предвидените објекти со планската документација потребно е да се предвидат маркици за трансформаторски станици и приклучни подземни среднонапонски водови за истите.

Со предметниот урбанистички проект, комплексот се планира да се приклучи на постојната електро-дистрибутивна мрежа, по предходно издадена согласност од надлежното претпријатие до најблиска дефинирана приклучна точка. Во рамките на градежната парцела е дефинирана позиција на трафостаница, која ќе биде предмет на понатамошна разработка со основен проект, вклучително и на внатрешниот развод на електро-енергетската инфраструктура.

### 4.11.5 Телекомуникациска инфраструктура и објекти

Согласно Известување за постојни и планирани ТК инсталации бр.37903 од 02.09.2021 година од Македонски Телеком АД Скопје, во границите на проектниот опфат постои МКТ инфраструктура, прикажана на графички прилог

Постои траса на оптички кабел согласно Одговор на барање информации за ТК инсталации бр.1404-2407/2 од 13.09.2021 година од Агенцијата за електронски комуникации исто така прикажана во графички прилог.
Со предметниот урбанистички план, предвиден е коридор за поставување на кабелска комуникациска инфраструктура во опфатот за поврзување на новопланираните објекти.

### 4.11.6 Гасоводна инфраструктура

Согласно издадени Податоци и информации бр. 0308-1339/2 од 16.09.2021 година од Акционерско друштво ГА-МА во предвидениот проектен опфат не постои изведен или планиран гасовод. Исто така согласно Одговор на барање бр. 03-2740/2 од 06.09.2021 година од АД за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост добиено е известување дека во рамки на проектниот опфат нема изградено ниту планирано гасоводна инфраструктура. Според тоа со урбанистичкиот проект не се планира приклучување на комплексот на гасоводна мрежа.

## 5. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

### Проектен опфат

Во согласност со одобрената Проектна програма за Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за ГП 2 со намена ГЗ-производство на енергија од обновливи извори, ГЗ.7 – биогасна централа до 3MW, КО Р'жаничино, Општина Петровец се определува проектен опфат со површина од 6,448039ха.

### Класа на намена

Се определува класа на намена ГЗ-производство на енергија од обновливи извори и поединечна намена ГЗ.7 – биогасна централа до 3MW. Во комплексот се планираат комплементарни намени односно намени што во една градежна парцела и една градба ја дополнуваат и служат исклучиво за функционирање на основната намена.

### Површина за градење

Површина за градење е планска одредба со која во урбанистички план се одредува површината од градежно земјиште односно делот од градежната парцела кој се предвидува за градење на градба. Со урбанистичкиот проект се предвидуваат површини за изградба на следните градби:

- постројка за биогас;
- понд (складирање и третман на филтрат);
- складирање на силажа,
- деловен објект за биогасна станица;
- портирница за биогасна станица;
- трафостаница 10 КВ;
- трафостаница 35 КВ;

- дизел агрегат;
- пречистителна станица.

На овој начин се определува површина за градење за наведените градби од 33.537,00 м2 која влегува во рамковната површина определена за градење од 44.453,00 м2.

**Вкупна изградена површина**

Под вкупна изградена површина се сметаат површините на сите надземни катови, изградени од нулта плоча. Во вкупната изградена површина не влегуваат површините од пречекорувањата од член 108 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 225/20 , 219/21 и 104/22). Вкупно изградената површина определена со урбанистичкиот проект изнесува 66.679,50м2 во рамки на која со идејниот проект се уредуваат градби со изградена површина од 34.483,00 м2.

**Максималната височина на градбата**

Со предметниот урбанистички проект предвидена е максималната височина на завршниот венец од 25,00 м.

**Вид на покрив**

Објектите пречистителна станица, трафостаница и дизел агрегат се типски објекти.
Покривот на административниот објект е решен како рамен непрооден кров, со мал пад од 1.70%,
Покривот на портирницата е решен како рамен непрооден кров, со мал пад од 1.50%, заради одводнување и донесување на водата кон олуците.

**Процент на изграденост на земјиштето**

Процент на изграденост на земјиштето како урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост е пресметан како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во процент. Со предметниот урбанистички проект процентот на изграденост на утврдената градба изнесува 52,8%.

**Коефициент на искористеност на земјиштето**

Коефициент на искористеност на земјиштето (К) како урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште е пресметан како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени спратови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште. Со предметниот урбанистички проект коефициентот на искористеност на земјиштето изнесува 0,54.

**Урбано зеленило и партер**

Неизградениот простор се предвидува да се уреди со ниско и високо зеленило. Согласно Член 20 од Законот за урбано зеленило (СЛ. Весник на РМ бр.11/18 и 42/20) потребно е да се обезбеди најмалку 20% зеленило на ниво на терен и под кое нема градба. Со предметниот урбанистичи проект, обезбедени се 12.786 м2 или 20.1% зеленило во рамки

на градежната парцела. Пешачките површини предвидено е да се поплочат со плочки за надворешна употреба.

**Стационарен сообраќај и сообраќајна инфраструктура**

Колски пристап во градежната парцела ГП 2 од предметниот УП, е обезбеден преку општинскиот пат на северозападната страна од проектниот опфат.

Со предметниот урбанистички проект предвидени се 83 паркинг места за автомобили (од кои 3 за лица со попреченост) начин прикажан на графичките прилози. Потребниот број на паркинг места е утврден врз основа на анализа на потребите за непречено функционирање на комплексот. Предвидени се паркинг места за вработени и посетители.

За обезбедување услови за движење на лица со попреченост важат одредбите од точка 13 од Стандарди за мобилност и пристапност од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22).

Внатрешниот динамичен и стационарен сообраќај се планира во рамките на градежна парцела со двонасочни асфалтирани сообраќајници со соодветна широчина на коловозни ленти.

**Инфраструктурни водови и градби**

При планирање на комунална инфраструктура да бидат запазени стандардите и нормативите пропишани со позитивните закони и подзаконски акти.

Во рамките на предвидената подземна

градежна линија, дозволено е поместување на планираните инфраструктурни водови, согласно потребите на инвеститорот.

**Водоводна инфраструктура**

За функционирање на биогасната централа, потребно е да се обезбеди санитарна, технолошка и пожарна вода. Потребната количина на санитарна вода ќе се определи према бројот на вработени и водоснабдителната норма. Максималниот број на вработени во еден ден ќе изнесува 70. Водоснабдителната норма за еден работник е усвоена според поединечните норми (согласно прописи од стручна литература):

- вода за пиење во текот на денот изнесува ..... 1 ÷ 3 (л/ден)
- вода за пиње и подготвување храна во текот на денот изнесува ..... 3 ÷ 5 (л/ден)
- вода за испирање на WC шоља за еден ден изнесува ..... 12 ÷ 20 (л/ден)

Водоснабдителната норма за еден работник на ден без туширање, вообичаено се зема да изнесува 25 (л/ден/раб).

Qср/ден = Nвр x Q0вр

Qср/ден = 70 x 25 = 1750 ... (л/ден)

Nвр – проектиран број на вработени

Q0вр – водоснабдителна норма ... (л/ден*вр)

Вода во технолошкиот процес на производство се употребува во фазата на ферментирање на биомасата, а количината на вода зависи од составот на биомасата и таа изнесува 300 л/ден. Питката вода е усвоена според нормата за вода за пиење односно за 70-те работници се усвојува питка вода од 100 л/ден.

Можен приклучок за водоснабдување е очекуван од водоводната мрежа на н.м. 'Ржаничино и Петровец. Спрема основната поставка на технолошкиот процес и бројот на санитарните јазли ќе се изработи подетална хидротехничка пресметка во основниот проект, а исто така се дава можноста ова потребното количество вода да се доведува до градежната парцела со автоцистерни до реализација на приклучокот на водоводна мрежа од н.м. 'Ржаничино и Петровец.

**Противпожарна заштита**

Најблиската ПП станица е во Скопје, кај хотелот „Континентал" од каде би пристигнало ПП возило и истата е на оддалеченост од 19 километри до комплексот, а би пристигнало за 18 минути, зависно од состојбата и ограничувањата на сообраќајниците.

Во градежната парцела е предвидена хидрантска мрежа според Правилникот за технички нормативи за хидрантска мрежа за гаснење на пожари (Сл. Весник на РМ бр. 26/18). Во комплексот проектирани се 10 надземни пожарни хидранти со Ф80, а полиетиленските цевки од мрежата се димениионирани со Ф100. За противпожарна заштита на биогасната централа се претпоставува веројатност на појава од еден пожар со времетраење од 2 часа и количина на вода од 10.0 (л/сек) односно се предвидува истовремена работа на два соседни надворешни пожарни хидранти Ф80мм, со проток од по 5.0 (л/сек).

Потребната количина на пожарна вода ќе изнесува:

q пож = 2 x 5л/сек = 10л/сек

Q пож = q пож * n * t

q пож = 10.0 (л/сек); n = 1пожар; t = 2часа = 7200сек;

Q пож = 72 000 (*l*)

Q пож = 72,0 (*m3*) – односно 72м3 потребна количина на пожарна вода

**Поливање на зеленило и миење на сообраќајници, стационарен сообраќај и платоа**

За оваа намена по должина на ПП мрежата ќе бидат проектирани градинарски хидранти Ф5/4// кои подетално ќе се разработат со основниот проект.

Миењето на улиците ќе се врши повремено за што потребни се 1,5л/м2 за етапно миење дел по дел.

Поливање на зеленилото се движи од 2-3л/м2, зависно од видот на зеленилото и тоа етапно дел по дел. Предлог варијанта е наводнувањето на зеленилото да биде со вештачки дожд под површината на зеленилото.

**Фекална канализација**

На проектниот опфат кој зафаќа површина од околу 6.448039ха предвидено е да има повеќе објекти сите во служба на биогасната централа. Во проектниот опфат се предвидува фекална канализација која ќе се води подземно. На северозападната страна кај влезната улица се предвидува да има пречистителна станица со капацитет до 200 вработени. Целокупната фекална количина вода (отпадна) од сите санитарни водени чворови прифатена е во засебна мрежа со одвод кон монтажна пречистителна станица чија местоположба е обележана во соодветните графички прилози. Одводот од санитарните водени чворови до пречистителната станица ќе се изврши по гравитационен пат со пластични канализациони цевки. После пречистувањето водите може да се користат за

наводнување на зелените површини или вака пречистените фекални води може да се користат во технолошкиот процес на биогасната централа од која како финален производ се добива електрична енергија и вештачко ѓубриво или преку испуст ќе се одведуваат до регулираниот Р'жаничански канал.

Вкупната количина фекална вода ќе биде детално пресметана во основниот проект. Фекалната канализациона мрежа ќе биде проектирана од пластични канализациони цевки Ф200 со минимален пад J=0,5% така да минималната брзина е Vmin=0,4м/сек.

Количините на фекална вода согласно број на вработени се пресметува како 80% од употребената вода:

Qср/отп = 0.8 x Qср/ден ... (л/ден)

Qср/отп = 0.8 x 700 = 560 ... (л/ден)

Поновите модели на монтажна пречистителна станица се карактеризираат со мала потрошувачка на електрична енергија и пречистување на отпадната фекална вода до втор степен (технолошка вода), која може да се користи за наводнување на зелени површини. Ефикасноста на пречистување изнесува до 97%, БПК5 за 20ºС < 20 мг/л и суспендирани материи < 30 мг/л. Бучавата во околината предизвикана од монтажната пречистителна станица е сведена на минимум. Исто така околината е заштитена од непријатна миризба. Типот на пречистителната станица ќе биде дефиниран во основниот проект со сите потребни големини и капацитет за задоволување на потребите за овој комплекс.

Како што е и погоре наведено, количинатата на вода во технолошкиот процес ќе зависи од составот на биомасата и се очекува да изнесува 300 л/ден, што значи дека отпадните води од технолошкиот процес се мали. Тие не се исфрлаат, туку поново се употребуваат. Во случај на додатни количини на отпадна технолошка вода, истите ќе се пакуваат за понатамошна употреба, односно може да се складираат во цистерни за отпадна вода до нивна употреба.

Во основниот проект ќе бидат дефинирани сите потребни елементи и големини, сите детални и хидротехнички пресметки за водоводната и канализационата мрежа, како и за сите придружни градби во комплексот.

**Атмосферска канализација**

Површинската атмосферска вода од сообраќајниците, стационарниот сообраќај, платоата и пристапите, целосно ќе се прифати во отворени бетонски риголи, местимично покриени со челични решетки на премините. Од бетонските риголи на пропишано растојание да се остават одводни решетки - сливници хоризонтално или вертикално поставени со приклучок на собирната атмосферска канализација. Атмосферските води од крововите на објектите ќе се зафатат со хоризонтални олуци, а потоа со вертикални олуци ќе се прифатат во собирната атмосферска канализација. На објектите се предвидени хоризонтални олуци (полукружен пресек) од пластифициран лим со развиена ширина на лимот од 33 см. Атмосферските вертикали кои исто така ќе се изведат од пластифициран лим (комплет со сите фазонски делови), се со попречен пресек Ф100 мм.

Проектното решение предвидува целокупната акумулираната атмосферска вода од парцелата преку испуст ќе се одведува до регулираниот Р'жаничански канал. Доколку се утврди потреба со понатамошната проектна документација постои можност,

атмосферските води да се користат во технолошкиот процес на биогасната електроцентрала или може да се користат за наводнување на зелените површини.

**Електро-енергетска инфаструктура и објекти**

Приклучувањето на електродистрибутивната мрежа да се изведе во склад со условите кои ќе бидат зададени од надлежното електростопанско претпријатие, а во склад со техничките прописи за ваков вид на инсталација.

Нисконапонското напојување се планира да се изведе со кабли поставени во ров во земја, заштитени и обележани до приуклучни ормари во објектите.

Очекуваните енергетски потреби за подрачјето на проектниот опфат се пресметани имајќи ги во предвид функциите на градбите од класата на намена Г3.7 – биогасна централа до 3MW со вкупен проектен опфат од 6,448039ха и вкупно изградената површина определена со урбанистичкиот проект од 34.483,00м2.

За планираните градби и содржини во проектниот опфат пресметани се следите вредности во однос на потребната едновремена електроенергетска снага:

- за административната зграда и портирница - 193kW/ха x 0,0959ха =18,5KW;
- сообраќајници и зеленило - 15kW/ха x 2,996ха =44,95KW;
- постројки за биогас - согласно карактеристики на когенеративна централа и пресметки 585kW.

Вкупната потребна едновремена електроенергетска снага за комплексот изнесува 648,45kW.

**Гасоводна инфраструктура**

Во непосредна близина на проектниот опфат нема постојна и планирана гасоводна мрежа и соодветно на тоа, не е предвидено градбите во предметниот проектен опфат да се приклучат на гасоводна мрежа.

**Телекомуникациска инфраструктура**

Во непосредна близина на проектниот опфат има постојна телекомуникациска мрежа во сопственост на Македонски Телеком АД и АЕК. Со предметниот урбанистички план, предвиден е коридор до постојната телекомуникациска инфраструктура.

*НАПОМЕНА: Доколку во текот на реализација на урбанистичкиот проект се појави потреба инвеститорот да изврши промени во идејниот проект, истото е дозволено, но единствено со почитување на максималните урбанистички параметри утврдени во планската документација на овој урбанистички проект.*

## ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА – НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

| БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА НИВО НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ | | |
|---|---|---|
| ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА | ПОВРШИНА (m2) | ПРОЦЕНТ ВО ОДНОС НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ (%) |
| ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ГП2 СО ОСНОВНА НАМЕНА Г3.7 - БИОГАСНА ЦЕНТРАЛА ДО 3MB | 63.504,02 | 98□ |
| ПОВРШИНА НА ОПШТИНСКИ ПАТ | 426,00 | 1□ |
| УРЕДЕНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА | 550,37 | 1□ |
| **ВКУПНО ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ:** | **64.480,39** | **100%** |

**НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ГРАДБИТЕ И ИНФРАСТРУКТУРАТА ЗА Г3.7 - БИОГАСНА ЦЕНТРАЛА ДО 3MB ВО ГРАНИЦИ НА ГП 2**

| Број на Градежна Парцела | Основна класа на намена | Површина на Градежна Парцела □2□ | Апрокисмативна површина за градење (m2) | Број на надземни нивоа | Катност | Вкупна изградена површина на сите нивоа (m2) | Максимална височина до венец (m') | максимален Процент на изграденост во градежна парцела (%) | максимален Коефициент на искористеност во градежна парцела (к) | минимален Процент на озеленетост во градежна парцела □□ | Паркирање |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2** | **Г3.7 - БИОГАСНА ЦЕНТРАЛА ДО 3MB И КОМПЛЕМЕНТАРНИ НАМЕНИ ВО ОДНОС НА ОСНОВНАТА НАМЕНА** | **63.504,02** | **44.453,00** | **1 / 2** | **П / П+1** | **66.679,50** | **25m'** | **70,0%** | **1,1** | **20,0%** | **ВО ГРАНИЦИ НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА** |

**НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ГРАДБИТЕ И ИНФРАСТРУКТУРАТА ВО ГП 2 ЗА Г3.7 - БИОГАСНА ЦЕНТРАЛА ДО 3MB**

| Број на Градежна Парцела | Број на објект | Основна класа на намена во ГП 2 | Вид на градби со основна класа на намена и комплементарни намени | Површина на Градежна Парцела (м2) | Површина на објект во приземје (м2) | | Број на надземни нивоа | Катност | Вкупна изградена површина на сите нивоа (м2) | | Максимална височина до венец (м') | Процент на изграденост во однос на градежна парцела (%) | Коефициент на искористеност во однос на градежна парцела (к) | Паркирање |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | 1.1 | **Г3.7** | ПОСТРОЈКА ЗА БИОГАС - ДЕЛ 1 | | | 3.623,00 | 1 | П | | 3623,00 | 25,00 | | | |
| 2 | 1.2 | **Г3.7** | ПОСТРОЈКА ЗА БИОГАС - ДЕЛ 2 | | | 819,00 | 1 | П | | 819,00 | 25,00 | | | |
| 2 | 1.3 | **Г3.7** | ПОНД - СКЛАДИРАЊЕ И ТРЕТМАН НА ФИЛТРАТ | | | 3.447,00 | 1 | П | | 3447,00 | 10,00 | | | |
| 2 | 1.4 | **Г3.7** | СКЛАДИРАЊЕ НА СИЛАЖА - НАДЗЕМНО | | | 12.220,00 | 1 | П | | 12220,00 | 10,00 | | | |
| 2 | 1.5 | **Г3.7** | СКЛАДИРАЊЕ НА СИЛАЖА - ПОДЗЕМНО | | | 12.218,00 | 1 | П | | 12218,00 | 0,00 | | | |
| 2 | 1.6 | **Г3.7** | АДМИНИСТРАТИВНО - ДЕЛОВЕН ОБЈЕКТ ЗА БИОГАСНА ЦЕНТРАЛА | | **33537,00** | 946,00 | 2 | П+1 | **34483,00** | 1892,00 | 12,00 | **52,8%** | **0,54** | **Во граници на градежна парцела** |
| 2 | 1.7 | **Г3.7** | ПОРТИРНИЦА ЗА БИОГАСНА ЦЕНТРАЛА | | | 13,00 | 1 | П | | 13,00 | 5,00 | | | |
| 2 | 1.8 | **Г3.7** | ТРАФОСТАНИЦА 35КВ | **63504,02** | | 88,00 | 1 | П | | 88,00 | 5,00 | | | |
| 2 | 1.9 | **Г3.7** | ТРАФОСТАНИЦА 10КВ | | | 49,00 | 1 | П | | 49,00 | 5,00 | | | |
| 2 | 1.10 | **Г3.7** | ДИЗЕЛ АГРЕГАТ | | | 56,00 | 1 | П | | 56,00 | 5,00 | | | |
| 2 | 1.11 | **Г3.7** | ПРЕЧИСТИТЕЛАНА СТАНИЦА | | | 58,00 | 1 | П | | 58,00 | 5,00 | | | |
| **СУПРАСТРУКТУРА ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА** | | | | | Површина под супраструктура | | | | | | | Процентуална застапеност во граници на ГП2 | | |
| 2 | 1.11 | **Г3.7** | ПОПЛОЧЕНИ ПОВРШИНИ И ПЛАТОА ЗА МАНИПУЛАЦИЈА | | **4727,02** | ПОВРШИНИ ЗА МАНИПУЛАЦИЈА ВО ГРАНИЦИ НА ГП 2 | | | | | | **7,4%** | | |
| 2 | 1.12 | **Г3.7** | СООБРАЌАЈНИЦИ, ТРОТОАРИ И СТАЦИОНИРАН СООБРАЌАЈ | | **12454,00** | 80 ПАРКИНГ МЕСТА ЗА ЛЕСНИ КОЛИ И 3 ПАРКИНГ МЕСТА ЗА ЛЕСНИ КОЛИ ЗА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ | | | | | | **19,6%** | | |
| 2 | .1.13 | **Г3.7** | НИСКО И ВИСОКО ЗЕЛЕНИЛО | | **12786,00** | ПРОЦЕНТ НА ОЗЕЛЕНЕТОСТ ВО ГРАНИЦИ НА ГП 2 | | | | | | **20,1%** | | |

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА - ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

СОДРЖИНА

1. Урбанистичко планско решение на ГП 2;

2. Урбанистичко проектно решение на ГП 2- намена на градби;

3. Урбанистичко проектно решение на ГП 2 – сообраќај, нивелациски план и инфраструктура;

4. Урбанистичко проектно решение на ГП 2 – синтезен приказ;

## НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ГРАДБИТЕ И ИНФРАСТРУКТУРАТА ВО ГП 2 ЗА Г3.7 - БИОГАСНА ЦЕНТРАЛА ДО 3МВ

| Број на Градежна Парцела | Број на објект | Основна класа на намена во ГП 2 | Вид на градби со основна класа на намена и комплементарни намени | Површина на Градежна Парцела (м2) | Површина на објект во приземје (м2) | Број на надземни нивоа | Катност | Вкупна изградена површина на сите нивоа (м2) | Максимална височина до венец (м') | Процент на изграденост во однос на градежна парцела (%) | Коефициент на искористеност во однос на градежна парцела (к) | Паркирање |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | 1.1 | **Г3.7** | ПОСТРОЈКА ЗА БИОГАС - ДЕЛ 1 | | 3.623,00 | 1 | П | 3623,00 | 25,00 | | | |
| 2 | 1.2 | **Г3.7** | ПОСТРОЈКА ЗА БИОГАС - ДЕЛ 2 | | 819,00 | 1 | П | 819,00 | 25,00 | | | |
| 2 | 1.3 | **Г3.7** | ПОНД - СКЛАДИРАЊЕ И ТРЕТМАН НА ФИЛТРАТ | | 3.447,00 | 1 | П | 3447,00 | 10,00 | | | |
| 2 | 1.4 | **Г3.7** | СКЛАДИРАЊЕ НА СИЛАЖА - НАДЗЕМНО | | 12.220,00 | 1 | П | 12220,00 | 10,00 | | | |
| 2 | 1.5 | **Г3.7** | СКЛАДИРАЊЕ НА СИЛАЖА - ПОДЗЕМНО | | 12.218,00 | 1 | П | 12218,00 | 0,00 | | | |
| 2 | 1.6 | **Г3.7** | АДМИНИСТРАТИВНО - ДЕЛОВЕН ОБЈЕКТ ЗА БИОГАСНА ЦЕНТРАЛА | **33537,00** | 946,00 | 2 | П+1 | **34483,00** | 1892,00 | 12,00 | **52,8%** | **0,54** | **Во граници на градежна парцела** |
| 2 | 1.7 | **Г3.7** | ПОРТИРНИЦА ЗА БИОГАСНА ЦЕНТРАЛА | | 13,00 | 1 | П | | 13,00 | 5,00 | | | |
| 2 | 1.8 | **Г3.7** | ТРАФОСТАНИЦА 35КВ | **63504,02** | 88,00 | 1 | П | | 88,00 | 5,00 | | | |
| 2 | 1.9 | **Г3.7** | ТРАФОСТАНИЦА 10КВ | | 49,00 | 1 | П | | 49,00 | 5,00 | | | |
| 2 | 1.10 | **Г3.7** | ДИЗЕЛ АГРЕГАТ | | 56,00 | 1 | П | | 56,00 | 5,00 | | | |
| 2 | 1.11 | **Г3.7** | ПРЕЧИСТИТЕЛАНА СТАНИЦА | | 58,00 | 1 | П | | 58,00 | 5,00 | | | |

| **СУПРАСТРУКТУРА ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА** | | | Површина под супраструктура | | Процентуална застапеност во граници на ГП2 |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | 1.11 | **Г3.7** | ПОПЛОЧЕНИ ПОВРШИНИ И ПЛАТОА ЗА МАНИПУЛАЦИЈА | **4727,02** | ПОВРШИНИ ЗА МАНИПУЛАЦИЈА ВО ГРАНИЦИ НА ГП 2 | **7,4%** |
| 2 | 1.12 | **Г3.7** | СООБРАЌАЈНИЦИ, ТРОТОАРИ И СТАЦИОНИРАН СООБРАЌАЈ | **12454,00** | 80 ПАРКИНГ МЕСТА ЗА ЛЕСНИ КОЛИ И 3 ПАРКИНГ МЕСТА ЗА ЛЕСНИ КОЛИ ЗА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ | **19,6%** |
| 2 | .1.13 | **Г3.7** | НИСКО И ВИСОКО ЗЕЛЕНИЛО | **12786,00** | ПРОЦЕНТ НА ОЗЕЛЕНЕТОСТ ВО ГРАНИЦИ НА ГП 2 | **20,1%** |

